**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение на Шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 декември 2006 година**

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

Седницата се одржа во салата за седници на Собраниеот на Република Македонија, со почеток во 12,37 часот.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа.

Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Продолжуваме со работа по Шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Јован Манасиевски, Даут Реџепи, Никола Рилковски, Тале Герамитчиоски, Славица Гковска, Илинка Митрева, Никола Ќурчиев, Али Ахмети, Рафис Алити, Азис Положани, Љубчо Георгиевски, Мирјана Секуловска, Теута Арифи, Панче Дамевски, Фијат Цановски, Абдуљади Вејсели ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со **Петтата точка -Предлог на буџетот на Република Македонија за 2007 година.**

Продолжуваме со општ претрес по Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Според записот овде, продолжуваме со реплики.

Прв за реплика на министерот се јави господинот Јани Макрадули. Но, тој во моментов е отсатен.

Потоа селдува Филипове Верица.

Повелете, имате реплика три минути.

**Верица Филипова:** Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани дами и господа пратеници,

Би сакала да реплицирам на две работи што ги искажа во својата дискусија министерот.

Прво беше кажано дека немало дадено никакви ветувања до стечајците од страна на ВМРО-ДПМНЕ во врска со решавање на нивната положба. Одговорно тврдам дека ветување и тоа писмени имаше дадено до стечајците, во време на предизборната кампања од коалиционите партнери во Владата на НСДП и ДОМ. За ветувањето од страна на ВМРО-ДПМНЕ , дали биле писмени или биле усни, што се договарале, не можам да кажам.

Во врска со плаќањето на мазутот, потрошениот мазут во ТЕЦ Неготино, би сакала да реплицирам на министерот, тој тврдеше дека ги потпишува фактурите по испратници, по валидни документи. Јас тоа не го спорам. Меѓутоа, мојата дискусија беше во насока дека се троши повеќе мазут одколку што е реално потребно во овие временски периоди. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има контра реплика, но претходно министерот бараше збор.

**Трајко Славески:** Само накратко, да подвлечеме дека треба да бидеме прецизни во користењето на термините и имињата на политичките субјекти.

Почитуваната пратеничка потврди она што јас го кажав, дека партијата ВМРО-ДПМНЕ не дала никакви ниту усмени, ниту писмени, ни јавни, ни тајни гаранции за парцијално решавање на проблеми од некои групации кои беа овде спомнати.

Исто така, треба прецизно да се изразуваме кога го спомнуваме второто прашање, што го спомна госпоѓата. Имено, јас не потпишувам фактури. Никој не потпишува фактури. Туку во моето објаснување беше кажано од страна на Министерството за финансии се вршат врз основа на доставени оригинални фактури и многу транспарентно и внимателно следење на целиот процес на набавување на електрична енергија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бендевска Весна сега би имала реплика, но таа исто така не е тука.

Најдовски Слободан, тој се пријавил за дискусија.

Добро, тоа значи дека едниот круг реплики е завршен.

Го почнуваме кругот на реплики на искажувањето на госпоѓа Филипова.

Танчева Тулиева Верица, повелете, три минути реплика.

**Верица Танчева-Тулиева:** Благодарам претседателе.

Јас немав намера да реплицирам на почитуваната колешка, но бидејќи таа засегна неколку проблеми од локалната самоуправа во општина Штип, тоа значи дека мојата реплика ќе оди во таа насока.

Ме радува фактот што госпоѓа Филипова конечно се заинтересира за проблемите во училиштето во населба “Баби”, за кое што јас, како советник во Советот на општина Штип зборував цели две години. Но, вие тогаш немавте слух за тие проблеми и не презедовте ништо иако и локалната и централната власт беа во ваши раце.

И за дисперзираните студии, градоначалникот на општина Штип, секојдневно си правеше реклами по локалните медиуми за тоа како ќе обезбеди простории за обезбедување на наставата, па дури и како советници, кога побаравме од него да се заложи за решавање на проблемот со греењето во Центарот за детско творештво, односно Пионерскиот дом што тогаш беше во опција за изведување на настава. Ни вети дека ќе помогне, но тоа не го стори. После тоа образложуваше дека не се ангажирал, бидејќи Пионерскиот дом не бил профитабилен. Поради тоа сега студентите се во таква состојба. Но, сето тоа вие го правевте да го минирате отворањето на Универзитетот во Штип, за што сега треба мирно да спиете, бидејќи Владата на ВМРО-ДПМНЕ и

коалиционите партнери, кон крајот на 2007 година ќе го отвори Универзитето во Штип.

Го спомнавте и училиштето во Ново Село, во кое учител бил нашиот идеолог Гоце Делчев и на што, ние од ВМРО-ДПМНЕ  сме посебно горди и кое училиште треба да стане спомен музеј. И ова е за поздравување, бидејќи таква идеја произлезе уште од времето кога ВМРО-ДПМНЕ  беше на власт и тоа беше предвидено во рамките на Програмата  за заштита на спомениците на културата.

Но, ние тогаш, почитувана колешке обезбедувавме средства од европските фондови за заштита на европското културно наследство. Сега, мене ми останува нејасно зошто вие, поточно и вие и градоначалникот Сарев , во предизборната камања мафтавте со флаери со изглед на реновираното училиште во Ново Село и тогаш ги убедувавте граѓаните на општина Штип, дека средства се обезбедиле, но од тоа ништо до сега не видовте.

Ќе ви кажам, како што ВМРО-ДПМНЕ  од 1998 година до 2002 година го направи музејот во Штип што со децении не беше реновиран, реновира многу цркви во општината и направи многу работи во областа на културата. Тоа ќе го стори и во наредниот период со средства што ќе бидат обезбедени за тие цели. Сега е смешно вие овде да се прикажувате како некој голем локал-патриот, затоа што кога имавте големи можности да придонесете за решавање на тие проблеми, вие тогаш не мрднавте со малиот прст.

На крајот, гледам многу често ги спомнувате стечајците, вашата голема загриженост за нивната тешка состојба, па сега само ќе ве прашам каде бевте пред една недела, кога јас и пратеникот Ванчо Коцев бевме на средба со тие 200 стечајци. Наа таа средба бевте поканета и вие, но вие не ги удостоивте стечајците со вашето присуство и вашите видувања за решавање на нивните проблеми, за што сега толку многу зборувате.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика има госпоѓа Филипова, една минута, повелете.

**Верица Филипова:** Мене ми е мило што во дискусијата на мојата сограѓанката, госпоѓа Тулиева Танчева, се согласува потполно со моите искажувања за потребните и неопходни инвестиции во штипското основно образование. Се надевам дека ќе успее да ги убеди своите партиски другари, пратеници во Парламентот на Република Македонија да ги гласаат амандманите за основното училиште во Бабите, за училиштето во Ново Село, за Пионерскиот дом, дисперзираните студии и сл. Дисперзирани студии во Штип, името како ќе биде, не е важно. Битно е дека од оваа година почна да се одвива наставата на Економскиот, Правниот и другите факултети во Штип, како факултетски центар во источна Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има господинот Илија Китаноски. Повелете, три минути.

**Илија Китаноски:**  Благодарам господине претседателе.

Почитувана колешке, бидејќи гледам дека лајт мотив во добар дел од вашите дискусии, не само ваши лични, туку и на вашите колеги од СДСМ е набавката на мазут и вклучувањето на ТЕЦ Неготино, заради решавање на енергетскиот потенција на енергетската криза што можеше и сеуште  може да настане, заради неодговорното, недомаќинско и полукриминално раководење на ЕЛЕМ и МЕПСО и на ТЕЦ  Осломеј од страна на претходното раководство од СДСМ, што го водеа високи членови, активисти и членови на највисоките партиски раководства на СДСМ. Тие беа раководни структури на овие државни институции. А, како резултат на тоа, новата Влада е принудена да пристапи да се издвојат средства од Буџетот, за да не дојдеме во ситуација, заради нечие неодговорно, недомаќинско и криминално раководење на овие институции да граѓаните бидат доведени во незавидна ситуација.

Како илустрација, уште еднаш ќе повторам и ќе ја потсетам по кој знае кој пат ќе кажам една информација, како прашање до вас, како инаку ќе може да се објасни дека една пицерија може да заработи 620.000. евра за една година во РЕК Осломеј работејќи стручни, ремонтни и рударски активности, една перална 560.000 евра работејќи, автоперална, стручни, ремонтни рударски активности во РЕК Ословмеј? Мислам дека брзо ќе добиеме одговор на ваквите прашања од надлежните институции. Меѓутоа, најмалку е потребно повторно и повторно да ги иницирате овие прашања и едноставно, да бидеме принудени да ве потсетуваме или да ги потсетуваме, уште еднаш, наделжните органи да реагираат соодветно на ваквото криминално однесување, заради што, една од последиците е и обврската, односно ситуацијата да мора да се вклучи ТЕЦ Неготино во производство на електрична енергија.

Инаку, за ваша информација бидејќи во дискусијата и тоа го спомнавте веќе трет или четврт ден работи, а тоа што до сега не работеше, беше заради тоа што рудникот и депонијата беа оставени со резерва за три дена, а минималното количество е 45 дена. Тоа е исто резултат на вашето домаќинско работење на претходното ваше раководство.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика Верица Филипова, една минута.

**Верица Филипова:** Енергетиката е жива материја. Енергетиката не може да се решава со некои студии или со некои потези, донесени пред година, две или три. Секојдневно се следи конзумот, се пратат секојдневно потребните количини за енергија, се распишуваат тендери, се обезбедува електрична енергија.

Во врска со грижењето за енергетската состојба во Македонија на претходната Влада,  можам да

кажам само дека беше завршена изградбата и пуштена во работа во 2005 година Хидроелектраната “Козјак”, која за жал за време на ВМРО беше стопирана со градба многу битен енергетски објект и дека беше ставен камен темелник и е започната со изградба Хидроелектраната “Света Петка”. Се надевам дека и сегашната Влада ќе продолжи во тој тренд и ќе успее да отпочне со изградба и ќе заврши со изградба на енергетски објекти. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Зоран Витанов.

**Зоран Витанов:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, искрено да ви кажам, дури и се мислев дали да се откажам од дискусија, бидејќи како што гледаме од страна на опозицијата, практично два-три дена нема ниту еден реален сериозен економски аргумент, дали актуелниот предложен буџет чини, или не чини. Впрочем, и самите социјалдемократи тоа го признаваат, со тоа што првите три реда се потполно празни. Значи, не само што немаат аргументи, туку немаат ни контра аргументи на нашите аргументи, зошто овој Предлог-буџет чини. Внимавајте, ова треба да го знае целата македонска јавност, основен инструмент за спроведувањето на економската политика на било која Влада е буџетот.

Оттука, потполно се обистинуваат сите мои компарации помеѓу актуелната власт и актуелната опозиција дека главниот аргумент зошто ние ги добивме овие избори е економската ориентација на оваа коалиција, наспроти политиканската на актуелната опозиција. Буквално кога се работи за тема економија ги нема. Они знаат да дискутираат за политиканство и знаат да прават афери од она кое што ни се случи пред некој ден. Затоа апелирам до македонската јавност да ја следи дискусијата за буџет виза ви дефокусирацијата што сакаат да ни ја направат со оружјето, бидејќи Македонија може да тргне напред само со концептот кој што го нуди оваа Влада, а тоа е економски ориентиран концепт.

И сега неколку аргументи. Основното нешто зошто јас лично ќе го поддржам овој Предлог-буџет но и ќе апелирам до сите нас овде колеги пратеници да го направиме истото е проектираната стапка на раст, еве да не кажам од 6 до 7% на годишно ниво, бидејќи досегашна беше под 3%, а некои овде се обидоа да ни ја претставаат како успешна. Од друга страна ни велат 6% не може да се оствари, тоа е нереално.

Господа, Албанија има пет години по ред 6% стапка на раст, Бугарија има шест години по ред 6% стапка на раст. Србија со сите перипетии, има 5,5%, Босна и Херцеговина нешто над 5% четири години по ред. Црна Гора 7%, иако таа уште не е дефинирана, од моментот од осамостојувањето назад. Таму се очекува 8% во 2007, заради тоа што 30% очекуваат зголемување на странските туристи во 2007 година и тн.

Значи, ако можела Бугарија, Албанија, Србија, Босна и Црна Гора, сосема нормално е, бидејќи во ерата на глобализација регионално се случуваат економските текови и ние да имаме, ако не иста слична. Јас дури би рекол многу скромна и умерено реална е проекцијата на министерот и срамота е таква проекција да не се поддржи. Напротив, треба да честитаме и да кажеме дека само така Република Македонија може да тргне напред. Дури ако сакате, ако Македонија нема 8% стапка на раст во следните шест до седум години, ние сеуште ќе бидеме заковани на европското економско дно, и тоа без конкуренција. Следниот квази аргумент, вчера што го слушнав , покрај преоптимистичката наводна проектирана стапка на раст на годишно ниво беше дека премногу оптимистички одиме со наплатата на ДДВ каде што имаме зголемување од нешта над 10%.

Господа, воопшто не е оптимистики, туку е реално, затоа што избегнувањето на плаќањето на ДДВ во времето на СДСМ беше катастрофално големо. Значи тука нема воопшто желби од страна на министерот и на Министерството, туку само реална наплата на енормната евазија, која што ни се случуваше, јас дури би рекол во целата оваа изминатa деценија и повеќе.

Понатаму, се очекува просечно реално зголемување на извозот на стоки за околу 10% на годишно ниво, при истовремен просечно реален пораст на увозот за нешто помалку.

Господа, Република Македонија во 2006 година и во последните четири години и се случуваа многу катастрофи на економско поле. Меѓутоа, според мене, долгорочно гледано најголемата катастрофа беше буџетот од 1,3 милијарди американски долари, само во 2005 година во меѓународно трговска размена. За големо поздравување е и овде најпријателски укажувам на економски консензус по однос на ваквата стратегија поставена од актуелното министерство. Бидејќи ако ние не го намалиме тој дефицит, воопшто не можеме да се надеваме на било каков развој, од проста причина што имаме само за една година нето одлив на кеш од 1,3 милијарди американски долари. Јас ве уверувам, доколку тоа го разбере секој обичен граѓанин на Република Македонија, не само што нема повеќе да му текне да гласа за СДСМ, туку ќе бара максимални казни за ваквиот грев по однос на уништување на економската перспектива на Република Македонија. Затоа апелирам Македонија нема друг избор, освен за економски консензус кој што овде треба да биде пред се, покажан со едногласно гласање ако е можно на почетокот. Ние бараме консензус по многу политички прашања, особено се однесува за опозицијата СДСМ и ДУИ. Ние немаме перспектива пред се, без економија. Дајте да направиме економски консензус сега и овде. Ако немате аргументи, а јас гледам дека немате, да го изгласаме буџетот и сите заедно да работиме. Да не ја обвинуваме Владата дека е премногу храбра. Мене во училиште ме учеа дека храброста е доблест, а не мана. Храбра е и треба

да е храбра, бидејќи друга перспектива Македонија нема. Јас се сеќавам на паролите на господинот Бранко Црвенковски како премиер во раните 90-ти години, кога велеше дека Бугарија од Албанија, од Србија, од Босна сме деценија напред. Потоа во вториот мандат велеше ние сме на еднакво ниво со Бугарија, Албанија, Босна, Србија. Сега,немате аргумент да се споредуваме со Чеченија. Не постои европска држава со која што на економско ниво можеме да се споредуваме. Срамота е да не поддржеме еден доблесен, храбар концепт на Предлог на буџет кој што го нуди оваа Влада. Совеста ќе не гризе, ако тоа не го поддржиме.

Понатаму, имаме по мое дури видување сосема минимален раст на буџетскиот дефицит. Јас дури би сугерирал малку похрабро да се тргне и да се оди од 2 до 3%. Ако нема обрт, не може да се покрене економијата. Прашајте било кој стопанственик ќе ви каже, особено производствените капацитети, ќе ви кажат дека основен проблем со кој што се соочуваат е неликвидноста. Се изгубија парите, ги нема во оптег. Ние мораме да одиме со проектиран буџетски дефицит. И добро е што се проектира. Да се знае, со тоа се гледа која е економската ориентација на оваа Влада. Јас добронамерно сугерирам. Оваа година можеби не, меѓутоа, до година да се оди со 2%. И секој еден кој го знае проблемот во македонското стопанство со неликвидноста, ќе ви го каже тоа. И уште еден податок, 80% од сите компании на планетава, независно дали се на Запад, на Исток, во Африка или во Европа или во Америка банкротираат не затоа што не се профитабилни, туку затоа што се неликвидни. Тоа во одредена мера го решава проблемот со неликвидноста во стопанството. А од друга страна, бидејќи производството ни е претежно извозно ориентирано, ќе го намали трговскиот дефицит.

Треба ли да дискутирам за храброста по однос на намалувањето на данокот, по однос на ослободување од реинвестирана добивка. Тоа ние требаше да го направиме години и години наназад. Сега слушам критики, само заради критики на таа тема. Нормално е дека човек ќе дојде до заклучок дека овие луѓе не разбираат, па се надеваат дека никој не разбира, па си викат дајде да критикуваме, можеби ќе добиеме некој поен. Затоа господа, во денешнава Колумна што ја напишав, ја напишав народот да ја разбере основната разлика помеѓу приастапот кон Предлог-буџетот на владите на СДСМ и на овој нов пристап на Предлог-буџетот. Затоа ви велам цела македонска јавност да чуе. Основната разлика е иста како и кај градежните работници. Има градежни работници кои шт кога ќе го прашаш што работиш, ќе рече еве мешам малтер. Меѓутоа, има и такви кои што кога ќе го прашаш што правиш вели еве градам дом. Вие на буџетот му пристапувате како на мешање малтер. И мешате малтер и мешате малтер. Буџетот ни е крајна цел. Не го сфаќајте буџетот како малтер кој што треба да се стави во градење на појак и подобар економски поперспективен дом. Дом наречен Република Македонија, односно економска Македонија. Затоа и кога ја промовиравме Владата и кога кажав зошто ќе ја гласам оваа Влада, кажав затоа што оваа Влада промовира нов концепт, економски патриотизам, а не декларативен. Понатаму, во образованието, овде слушам два-три дена, не знам колку трае дискусијата, бидејќи ја прекинувавме, жалопојки дека што ќе им се на децата компјутери, кога немаат добри реновирани училишта. Вие да бевте чесни и доблесни, па да ги реновиравте училиштата во овие четири години и во изминатите осум пред тоа, сега ние ќе имавме и училишта и компјутери. Ама бидејќи Република Македонија заостана веќе 20 години во пазарот на работна сила, а бидејќи е општо познато дека пазарот на работна сила, бидејќи со тоа се занимавам и професионално во Европа, не овде, може да опстои без додатни образованија максимум 4 години. Потоа конкуренцијата не гази, нормално е дека оваа Влада ќе даде приоритет на компјутерите и нормално, тоа не значи дека во меѓувреме нема да реновираат училишта. Впрочем, видете го буџетот ќе видите дека има и тоа колку средства за реновирање на училишта 150 милиони. И уште нешто господа. Ни се случи една позитивна работа оваа година за која што се заслужни двете влади и тоа е доблесно да се каже. Таа добра работа се вика Џонсон Контролс. Но Џонсон Контролс рече дека има сериозен проблем да најде соодветна и компетентна работна сила. Па на среден рок, Македонија може да стане конкурентна и да привлече странски директни инвестиции, само ако има компетентна работна сила. А како таа се обезбедува ако во училиштата децата немаат компјутери. Тоа е интелектуалната работна сила. Тука буџетот го сфаќате како цел, а не како средство, освен, јас морам и тоа да го кажам, ако буџетот не го сфаќате криминогено. Тогаш навистина буџетот е цел. Меѓутоа, не сакам да верувам во такви работи.

Во земјоделството, имаме раст од 200%. Срамота е да критикуваме, гревота е. Особено оние кои што имале можност години и години наназад да се покажат во областа на земјоделието. Вие господо изборите ги изгубивте токму од земјоделството. Од никој друг. Сега навистина не е доблесно тука да критикувате.

Одиме понатаму. Можеби е доста ако одиме со бројки и факти, еве ќе ве послушам, нема да ги кажувам понатаму, меѓутоа, сакав да ги израдувам нашите струмичани од изборна единица број 4 и радовишани, кои што конечно оваа Влада, иако претходната вети но не го направи, конечно ќе се заврши патот Струмица Радовиш кој што стана легендарен веќе, се искршија илјадници и илјадници коли и товарни возила кои што транспортираа храна, транспортираа земјоделски производи, па со овој буџет е проектирано и тоа да се направи, а на кој што немше интервенција од далечната 1952

година. Значи цели 54 години тој пат остана недопрен, нереновиран.

Мислам дека навистина е илузорно да се вадат понатаму аргументи и навистина, најпријателски апелирам, иако овие столчиња на кои што сакав да го упатам овој апел, се празни, дајте луѓе конечно да размислуваме за економски консензус. Ние имаме други политички различнми размислувања. Политикански ќе најдеме колку сакаме, ама на крајот на краиштата и мажи и жени и возрасни и млади и деца и старци и пензионери и бебиња и Македонци и Албнци и Турци и Власи и Роми и било какви други припдности имаат свои интереси, ама да не ги двоиме веќе во Македонија луѓето по припадност. Да ги двоиме луѓето по квалитет, а квалитетот да ни ги оформува економскиот критериум на вредности. Затоа што на сите нас џебовите ни е празни и сите ние и од тие празни џебови 1 милијарда и 700 милиони евра годишно одвојуваме од буџетот, а никакво развојно фајде. Сега конечно се најдоа доблесни и храбри луѓе, малку поразлично и поекономски перспективно да постапат по тој Буџет и ние сакаме или да г критикуваме и кога видовме дека немаме аргументи, тогаш го игнорираме, па се фокусираме повторно на оруижје. Не, овој пат Македонија е решена да го фати чекорот со Европска унија, бидејќи сфативме дека економијата не води во Европа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Витанов, пред да ја отворам следната рунда на реплики, би сакал да ве прашам, нешто ми звучеше како лапсус лингве. Спомнавте буџет милијарда и 300 милиони. Дали мислевте дефицит?

**Зореан Витанов:** Јас реков дефицит во меѓународна трговска размена од милијарда и 300, а кажав буџето од милијарда и 700.

**Љубиша Георгиевски:** Значи се поткрева таа лпсус лингва, за смека на записникот ви реков. За стенограмот да е се чисто.

Сега ја отворам новата рунда на реплики. Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе,

Јас би се осврнал до претходниот дискутант, мојот почитуван колега Зоран Витанов, често во својот говор го спомнуваше зборот политиканство.

Колега Витанов, не знам, ние како да постапиме од опозицијата. Нешто како да ви е криво што се јавуваме за збор и што ја критикуваме Владата, за тоа што го мислиме, дека не треба така да биде. Па ние не можеме да мислиме како позицијата. Значи си имаме свои ставови, мислиме дека тоа не е добро и тоа го критикуваме.

Спомна афери, пред неколку дена , па сега ние не сме на власт да зборуваме за афери. Вие сте на власт и се случи афера, па ќе видиме оваа афера како ќе заврши. Значи, пак ние, опозицијата е крива за претходната афера од пред три дена.

Друго, економија. Често го спомнувате зборот економија дека е приоритет на оваа Влада. Да. Точно е дека е приоритет, но 2002 година, во експозето на тогашниот кандидат, премиер Бранко Црвенковски на прво место беше мир и стабилнсот во државата, на второ место беше подобрување на меѓуетничките односи и економијата беше ставена дури на четврто место.

Во овие 4 години додека беше СДСМ на валст, оваа Влада презема низ реформи кои не беа популарни кај народот, пред се територијалната поделба, и ред други кои, ова Влада беше свесна дека не се популарни, но сепак за доброто на државата ги донесе. Затоа што оваа Влада се стремеше, односно Македонија ја водеше кон Европа.

И на крајот би ти реплицирал за патниот пат Радовиш-Струмица. Јас вчера го поставив прашањето до министерот. Мислам тоа највероватно не беше евидентирано кај него, не ми одговори. Јас имам сознание дека овој пат ќе се продолжи оваа година, а исто сакам да кажам дека овој пат беше во планот и програмата внесен од претходната Влада и минатата година беше започнат и пред 5-6 дена министерот за транспорт и врски свечено го отвори овој завршен пат. Мило ќе ми биде оваа година во текот на 2007 година целосно биде завршен овој патен правец. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика има Витанов, повелете.

**Зоран Витанов:** Добро, само накратко, нема да реплицирам на сите, бидејки некои сами по себе се подразбираат одговорите народот ќе си ги најде, впрочем гласањето го потврди тоа.

Господине Киров, што се однесува до аферата, аферата произлезе од ресорот кој што го води Врховниот командант на Република Македонија, ваш долгогодишен лидер, господинот Бранко Црвенковски актуелен претседател на Република Македонија.

Што се однесува до патот Радовиш-Струмица, да вие ветивте ама не го направивте. Затоа и изгубивте таму во тој региона најдрастично и најмногу. И самите кажавте, добро е македонската јавност да го слушне тоа, економијата ви беше на четврто место, сега го кажав тоа. Мир и стабилнсот.

Има таму каде што има економски развој, каде што луѓето можат да се занимаваат со производство и со креативни дејности. Кај што го нема тоа, кај што нема економија, нема мир и стабилнсот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има Николов Марјанчо, повелете три минути.

**Николов Марјанчо:** Благодарам.

Би му кажал на колегата Зоран Витанов, дека она што тој го искажа од говорницата беше во најмала рака неполитиканство, не знам кој друг збор да го употребам, едноставно замајување на јавноста или дефокусирање од дебата која што се водеше по отворени прашања кои што ги постави

опозицијата во однос на Буџетот. И она што тој го кажа личеше на митингашки говор, како да зборува на партиски собир, а не да зборува во Парламентот пред граѓаните. И требаше во најмала рака да го брани Буџетот, а не да ја напаѓа опозицијата, меѓутоа бидејки е оптеретен со опозицијата па го спомна и Претседателот кој што не е тука присутен, веројатно си има личен проблем, се надевам дека од зборовите кои што ги кажа тука кои што звучеа многу јако ќе помине на дела. Да го потсетам само  дека после 5 јули тие ја добија власта, тоа никој не го спори, меѓутоа граѓаните чекаат и конкретни резултати, а не само да испаѓаме со пароли и да кажуваме прикаски како некој се занимавал со политиканство или не го интересирала економијата.

Точно, екомијата е приоритет, меѓутоа како што кажа мојот колега Киров, СДС во 2002 година се занимаваше со други прашања и кога дојде ситуацијата да се занимаваме со економијата сега повторно се отвараат прашања кои што не се економски.  Политички дијалог, афери и т.н. кои што повторно ја дефукусираат јавноста од потребата да се зборува за конкретни економски проблеми.

Околу дефицитот кој што толку го зборуваше господинот Зоран Витанов, нека го прочита Предлог-буџетот ќе види таму дека дефицитот е планиран на исто ниво како и ланското, значи дури и на тековната сметка дефицитот се зголемува за 3,9%. Нека каже со колку дефицит заврши претходната Влада во Буџетот од 5 или 7%, и на крајот ако толку големи економисти биле во претходната Влада , каде ги потрошија партите од продажбата на Телеком, пари кои што веровантно Република Македонија никогаш повеќе нема да ги има како средства за инвестиции и каде неповратно заминаа тие пари ако толку имале доблест да се занимаваат со економски прашања?

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика Зоран Витанов, една минута повелете.

**Зоран Витанов:** Не, нема да биде една минута бидејки не можам да одговорам на сите овие за една минута, јас тоа што имав да го кажам го кажав, но за една работа морам да кажам.

Господине Марјанчо, умните луѓе не кажуваат се што мислат, ама мислат се што ќе кажат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Следна за реплика е госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

Госпоѓа Весна не е тука.

Цветковска Благородна не е тука .

(Пратеникот Цветковска се јавува дека е тука, меѓутоа се јавува за збор.)

Зумрете Јакупи, реплика, три минути, повелете.

**Зумрете Јакупи:** Благодарам.

Почитуван господин пратеник Зоран Витанов, ме интересира, според вас, тоа што го нагласивте, интересите на другите заедници, без оглед на нивната вера и националност, имаат приоритет во овој Предлог-буџет, значи се во прилог на сите заедници. Апелиравте до населението, за да ги покажете приоритетите на овој Буџет.

Тогаш, јас поставувам прашање каде е интерсот на Албанскиот народ или пак Муслиманскиот, кога во овој Предлог-буџет сте предвиделе многу средства за финансирање на верските објекти, како што се црквите и реновирање  и градење на истите. Додека, на ниту еден симболичен начин не се предвидува и не се планира, барем симболично инвестирање во една џамија.

Напротив, имаме случаеви, разни, кога се спречува населението, иако со само финансирање се ангажирани да ги градат истите. Меѓутоа, спречени се од оваа Влада. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика Зоран Витанов, една  минута.

**Зоран Витанов:** Ова беше класично, паушално кажување. Министерот, во неговото експозе, а и подоцна во објаснувањето кажа и за тие работи. Нема што јас да се навраќам.

Обична манипулација и политиканство е токму тоа што го прави ДУИ.  И тоа е дефокусација и повторно се навраќам на критериум на вредности да се негира, економијата да се негира, квалитетот да е негира и повторно припадностите да одат на прво поле.

Господе, ако јас сакав да зборувам за припадности, ќе ве прашав колку фискални каси во овие 4 години има инсталирано во Арачиново? Ама, еве не ве прашувам, затоа што сакам да разговараме за квалитет на економија и на Буџет, а не на припадности. Заборавете го политиканство. И Албанците сакаат полн џеб. И Албанците сакаат улици. И Албанците сакаат економски просперитет, како и сите луѓе во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Ова е реплика.

**Љубиша Георгиевски:** Сите реплики ќе си дојдат на ред. Министерот секогаш има предност. Сите кои сте за реплики, се е во ред. Зурете, вие останувате и за збор. Така е. Ништо не грижете се, се е под контрола.

Повелете господине министре.

**Трајко Славески:** Значи Владата на Република Македонија како предлагач на документот Буџет, не може да им забрани на пратениците да извлекуваат заклучоци од било каков вид. Но,  би замолил во името на Владата, навистина да не се манипулира  со меѓуетничките односи во Република Македонија, затоа што ниту произлегува од ова што го нуди документот, ниту пак е нешто што е продуктивно.

Сакам конкретно да ја уверам госпоѓата Јакупи, дека во Буџетот на  Министерството за култура овие ставки кои што се предвидени за помош на религиозните заедници, верските заедници во Република Македонија, предвидени се стафки за сите тие заедници. И не е точно дека се форсираат една на сметка на друга.

Сакам да ве известам нешто што можеби не може да се види од овие документи, и не е работа на Буџетот, неодамна користејќи едно мало, многу мало свое дискреционо право како министер за финансии, на барање на Текето од Тетово на кое што му прекиснувал кровот, исплативме една сума со која што се поправи тој кров, и така ќе постапиме секаде онаму каде што можеме да помогнеме затоа мислиме дека правиме едно добро дело. И тоа го чиниме со Предлогот на буџетот.

**Љубиша Георгиевски:** Има ли реплики на министерот. Нема.

Тогаш продолжуваме со пријавените порано реплики .

Реплика има госпоѓа Цветановска Благородна, повелете три минути. Таа е за збор, добро.

Агрон Буџаку, реплика три минути, повелете. После Агрон Буџаку е Јани Макрадули па потоа Дураку Садула. И Незири. Со Незири се завршуваат репликите.

**Агрон Буџаку:** Благодарам господине Георгиевски,

Јас мислам тоа што рековте вие дека држи, дека во текот на дискусијата на господинот Витанов кој што рече нешто што , тоа беше лапсус во однос на дефицитот на Буџетот. Можеби ги меша овие поими, меѓутоа призна дека е лапсус.

Покрај ова тој направи и всушност, кажа некои невистини или пак  вистини. Можеби некогаш ќе може и да објасни.

Тој рече дека  фискалната евазија трае 10 години. Во овие 10 години беше и Владата на ВМРО-ДПМНЕ  од 1998 до 2002 година. Освен тоа рече дека ВМРО-ДПМНЕ бара политички консензус. Нешто што не е вистина. Рече дека треба да имаме економски консензус. За да иаме економски консензус, со нас било како партија, било како преставници на Албанската заедница тука треба да се седни и да се види кои делови од Буџетот каде одат, дали во местата населени, со кои заедници, мислам дека оваа Влада, со начинот на дејствување, на технократски начин, наводно модерен, современ начин мисли дека оди според некое начело, западно начело што мисли дека изборната кампања почнува утрото после завршетокот на изборите.

Сега, ние сме сведоци на една изборна кампања од страна на мнозинството, што остава впечаток дека се е во ред, додека има и едно друго начело, господине Витанов, за изборите во САД. Луѓето не се толку политизирани, меѓутоа кога одат на гласање тие го отвораат паричникот, гледаат колку пари имаат и ако паричникот е полн, тогаш ќе гласаат за претседателот кој е во моментот на власт. До колку паричникот е празен, тогаш ќе гласаат за новиот кандидат, ако актуелниот претседател се натпреварува.

Сакам да нагласам едно нешто господине Витанов, дека намалувањето на даноците и сите овие мерки што ги преземате, сигурно дека во текот на 6-те месеци или една година, самите граѓани на Република Македонија кои во голема мерка се сиромашни и невработени, ќе ги чувствуваат на својот грб. Вие треба да размислите за тоа како ќе излезете пред нив, кога ќе бидат избори.

**Љубиша Георгиевски:** Следен за реплика се јави господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Господинот Витанов, во еден митингашки настап се обиде најмногу од се да посвети внимание на опозицијата и да го нападне СДСМ, иако покажа елементарно непознавање од економијата и елементарно непознавање на Уставот. Бидејќи, ресорот што го води и што е одговорно за целата оваа срамота што се случува на Република Македонија е господинот Лазар Еленовски. Тоа е, согласно Уставот, Министерството за одбрана.

Но, еве, да се обидме по кој знае кој пат, со прашања и со факти да добиеме некои одговори.

Не можеме да влеземе во консензуална подршка на Буџетот, затоа што кажавменеколку аргументи, за кои што мислиме на кои што го темелиме нашето тврдење, повторувајки дека Владата има една проекција што е настакленинозе и што би не радувало, до колку се оствари.

Нашата загриженост ја влечеме од неколку параметри.

Во самото експозе, господинот Славески, министерот Славески кажа дека главен двигател на економскиот раст ќе биде индустриското производство. Ако ние очекуваме пораст, сем имале 4, очекуваме околу 6 до 7, што мислам дека не е некоја прецизна категорија, како тоа или дали знае господинот Витанов, на пример, Силмак со колку проценти учествува во тоа индустриско производство, па ако не работи, повторно да кажам заради ригидната политика што ја води оваа Влада кон тој комбинат, како тоа ќе се одрази на растот од 6 до 7%.

Второ, кога зборуваме за образованието и денеска, во денешниот печат, министерот за образование, господинот Рушити вели дкеа во Буџетот се предвидени пари за инфраструктура во средно образование, изградба на нови училишни згради, доградба и реконструкција на старите и адаптација на касарните во Република Македонија.   Каде? Во која ставка е тоа напишано, тоа постојано го повторуваме.

Ако почнеме со задолжително средно, кога , колку тоа ќе чини и како, каде се тие параметри, овде дадени, кога не мислам дека процентот  што се одвојува за Буџетот е толку многу зголемен, како што господинот Рушити вели овде.

Затоа велиме ние дека сме загрижени ние, дека проекцијата на која што се базира овој Буџет е на идеалистички, преоптимистички основи и затоа сме загрижени, и не можеме влеземе во еден консензус. А, дека и Владата покажува резерва и ретерира, најдобар пример е што даде амандман за измена на Законот на данокот на добивка. На 6 декември мислела едно, на 15 декември ретерира малку, па дава нов амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика Витанов Зоран, една минута, повелете.

**Зоран Витанов:** Добро, добро, јас нема да реплицирам на се што кажа, затоа што беше за други, а не за мене, но за една работа дирекно ме прозва и морам да му одговорам на господинот Макрадули.

Господине Макрадули, токму тој пристап на плнанско работење, како што ги направивте условите на Силмак, неодоливо ме потсетува и на големата, најголемата странска дирекна инвестиција во времето на СДСМ Рамстор. Дајте му на некого без пари, донесете го овде, или дајте му ефтино и фалете се дека нешто работите на планот на странски дирекни инвестиции.

Ние сакаме системски, господине Макрадули, да внесеме услови, со намалување на даноците и со создавање на амбиент, сами да дојдат во природен однос странските дирекни инвестиции. Не од типот на Рамстор и Силмак господине Макрадули. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, реплика има Дураку Садула, три минути, повелете.

**Садула Дураку:** Внимателно го слушав господинот, кој што повикува на консензус на сите заедници во Република Македонија.

Честопати спомнува економија, како да мисли дека имаме многу развиена западна економија во земјава и повеќе говори теоретски отколку практично. Додека во практиката се гледа нешто друго на терен и консензусот што го вара колегата, навистина е тоа дека сите граѓани на Република Македонија, сакаат една вистина и практична економија, а не само да биде теоретска. Така што за да се направи една современа дискриминација на заедниците, повикувајќи се на името економија, ќе му дадам до знаење на господинот Витанов дека во прв ред Република Македонија треба да стекне консензус во самата земја, да изгради меѓунационални односи во земјата, а да не биде тоа само фарса, дека наводно меѓунационалните односи се уредени и се сосема во ред, така да би останала само економијата сега за сега, на една држава која што е мала и сиромашна држава, меѓутоа има големо богатство и само треба да се изнајде смелост од страната на позицијата на ВМРО, во прв ред да се изградат меѓуетничките, националните односи а потоа да се развие една вистинска и практична економија.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика Зоран Витанов, една минута повелете.

**Зоран Витанов:** Јас се радувам што конечно го слушнавме господинот Садула Дураку, бидејќи како министер за земјоделие не го познавав. Особено ме радува што зборува за практика, па еве директно прашање господине Дураку какво земјоделство вие во пракса имплементиравте во Република Македонија за време на вашиот мандат. И уште едно господине Дураку. Сега имаме тема Буџет. Ние не бегаме од меѓуетничките односи, ама сега е време да разговараме за економија. Јас ве поздравувам вас како ДУИ во овој момент јавно на отворена сцена пред сите граѓани, затоа што барем најдовте доблест да бидете присутни кога разговараме за економија. Каде е СДСМ и неговото свето раководство, кое постојано политиказира да кажам, повторно политиканство, а никаде ги нема кога зборуваме за економија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Сафет Незири, повелете вашата реплика е на ред. Три минути.

**Сафет Незири:** Ви благодарам.

Јас со внимание го слушав делот на дискутантот Витанов, каде што се работеше за тоа како треба да се среди економијата во целост. Но пред се, но не видов квалитет во неговата дискусија, ми личеше како да беше пред кампања, мислејќи дека ќе ги измами граѓаните како во минатото и нема некоја голема тежина во неговата дискусија. Меѓутоа, од друга страна кога се засегнуваше делот на образованието кое што јас го елаборирав во делот на општата расправа, многу убаво елаборирав дека ние немаме ништо против за компјутеризацијата на основните и средните училишта. Меѓутоа секако треба да се види делот на ревитализацијата, односно на реконструкцијата, обновата и градењето на многуте училишта, посебно во западниот дел на Република Македонија, каде што населението со голема густина. Јас нагласив многу добро дека се работи за број на 40 ученици во една училница. Замислете едно основно училиште под какви услови работи. Работат во три смени, без подови и со тавани кои прокиснуваат, ние сме согласни, знаеме дека во минатото можеби многу малку се работело во насока на реконструкција во основните и средините училишта, меѓутоа ова не треба да значи дека тука треба да се застане со реконструкција и уредување на училиштата. Конкретен случај имаме на пример во деловите на општина Липково и во околина на општина Арачиново каде што е жално тоа што сме во 21 век, а учениците работат како да имаат услови од 1945 година. Додека пак од друга страна треба да се внимава и да внимава секој пратеник посебно кога се спомнуваат населби, со национална припадност како што е општина Арачиново и селото Арачиново. Во целост на недостаток на фискални каси секогаш треба да се направи компарација и со населби и други градови каде што навистина имаме недостаток или не постоење на фискални каси. И затоа треба да се фискализираат сите продавници и јавни и

приватни претпријатија. Треба да се има предвид дека не треба во таа насока да се елаборира или пак да се именува некое село како што е Арачиново со над 12 илјади жители, со инфраструктурна состојба која што недостасува се што е потребно и секогаш треба да се имаат предвид сите работи да се биде автокритичен од местото од каде што потекнува Витанов, а потоа да се направат споредби со други населби. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господинот Витанов се јави за контрареплика.

**Зоран Витанов:** Господине Незири се што кажавте е нормално, реално, и трезвено размислување. Фали само еден момент. Компарација со моментот кога ваш беше министерот за образование и тоа токму од вашата партија. За 120% сега е зголемен Буџетот во ставката за реновирање и изградба на нови училишта. 150 милиони денари има сега, а меѓу другото, мислам министерот вчера ви објаснуваше колку училишта ќе се реконструираат, условно да кажеме во западниот дел во Република Македонија. Свртете ја дискусијата кон вашиот сопартиец кој треба да седи неколку столчиња до вас, ама еве денеска го нема. Тој до вчера беше министер за образование и можеше да го направи тоа што вие сега го барате од оваа Влада, а оваа Владате внимавајте го прави.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега, збор има Шабан Салиу, повелете.

**Шабан Салиу:** Почитувани колеги пратеници, почитуван министре, и претставници од Владата на Република Македонија,

Како пратеник сметам дека исто како и моите колеги и јас да кажам одредено мислење во врска со Буџетот на Владата на нашата држава.

Овој Буџет за 2007 година нашата Влада по самата анализа може да се утврди дека целиот е посветен со своите развојни и економски димензии, за разлика од останатите претходните буџети кои имаат социјални карактеристики, доминантно социјални карактеристики. А исто така јас би кажал дека добра работа е на министерот и Владата што самите развојни приоритети се макроекономска стабилност на државата и посочување односно поддржување на влезот на нашата држава во ЕУ и НАТО, како што кажав и подобрување на целото стопанство. Добро е што овој Буџет има одвоено посебни средства за заедниците и тоа во поглед на нивното вработување околку 137 милиона денари, каде што лично сметам дека мојата заедница на која јас припаѓам ќе има посебен пристап од страна на Владата во поглед токму на овие вработувања. Ако се анализираат и останатите точки не би сакал да се повторувам како и во поглед на земјоделството каде што процентот односно околу 200% е повеќе доделено во поглед на развој на земјоделието, може да се види дека економската страна на Буџетот секако во текот на 2007 година, треба да доминира. И покрај намалувањето на даноците, добро е што се поттикнува и се зајакнува приватниот сектор преку малите и средни претпријатија, и поттикнување на претприемништвото.

Значи, добро е исто така што значителен дел од Буџетот е одвоен за судскиот систем. Реформи во судскиот систем, со оглед да и претходните седници и она како анализи што Европската заедница често ни го упатува дека критичниот момент токму во судството. Мислам дека преку одредени проекти, и самото донесување на Државниот судски совет, ќе се овозможи токму во овој дел одредени подобрувања. За здравството веќе се преземени одредени активности и мислам дека добро е и во останатите општини каде што имаат проблеми, така и во Шуто Оризари посебно внимание да се има во поглед на одредени здравствени апарати како што се ЕКГ и други за да тамошното население не ги бара своите ургенции во Градската болница или Државната, бидејќи има големо растојание.

Тоа што во претходните седници слушавме дека има доста тешки моменти во училниците односно во образовниот систем, односно во одредени општини лично сметам дека една од најзагрозените општини е токму Шуто Оризари, таму има две училишта од основно образование, кои се наоѓаат во една катастрофална ситуација. Од тие причини не би сакал да зборувам за инфраструктурата во Шуто Оризари која се наоѓа во една тешка, тешка состојба, така што за флекалната и атмосферската канализација со години можеби од 1963 година не се преземени конкретни чекори. Исто така јас би кажал дека е добро што Владата на Република Македонија издвојува одредени средства во образованието од оние 150 милиона денари да се изгради училиште за средно образование во општина Шуто Оризари, бидејќи граѓаните во таа општина го заслужуваат тоа од основањето на населбата сега општина до сега не постоело средно училиште. Знаејќи ја состојбата во образованието кај ромската заедница сметам дека средното училиште до подобро совладување на самите состојби во учењето, потоа можност д се запишуваат во поголем број на факултетите, а сметам дека во иднина преку Министерството за образование, односно Владата да издвои одредени средства за формирање и катедра за Ромологија каде што ќе може да се добие стручен кадар, односно професори кои би предавале во ова средно училиште. Со оглед да се предвидува средното образование да биде задолжително зза сите граѓани во државата, изградбата на вакво средно училиште е од посебно значење во самата населба.

Јас би кажал неколку зборови во поглед на невработеноста. Сметам дека не само во Шуто Оризари, во сите општини каде што живеат граѓани од Ромскаста заедница се во катастрофална состојба, односно се најневработени. Односно постојат општини каде

што ниту еден припадник од Ромската заедница не е вработен и не е во согласност ниту со Уставот, ниту со законите ниту со моралното право. Од тие причини, оние 137 милиона денари кои се предвидени за вработување на заедниците преку реализација на Рамковниот договор, поголем број од граѓаните од Ромската заедница треба да бидат вработени во Јавната администрација и Јавните институции, со што би се постигнал еднаквост, согласно законските норми, односно и тоа што Рамковниот договор го бара, правична и соодветна застапеност на заедниците при вработувањето.

Јас како пример за сите општини би го соочил составот на структурата на вработените во општина Шуто Оризари каде 80% лично сметам и мислам дека е така, се од неромската заедница. Тоа е единствената општинан во Шуто Оризари, каде што доминираат невработени и тоа Албанци, Бошњаци и Македонци. Во тој смисол каде е етиката на останатите општини. Да ги посочам некои општини. На пример во Берово нема ниту еден ром вработен, во Гостивар нема ниту еден ром вработен, а секако сметам дека и во многу, многу општини не постои ниту еден вработен граѓанин од Ромсксата заедница. Повторо се враќам на тие 137 милиона денари да се имаат во предвид при распределбата околу вработувањето.

Исто така, сметам дека со еден национален консензус со ромската заедница и со разбирање од страна на Буџетот на државата за подобрување на вработувањето преку реализација на декадата на ромите односно ако е акционен план на државата да не биде само наменет, односно прикажан од формално правен аспект, без искрено сакање да се реализираат овие состојби. Јас кога би зборувал во поглед на Буџетот овие средства што треба да се издвојат за вработување на граѓаните од Ромската заедница, не можам во овој момент а да не кажам дека во Гостивар еден имаше во јавните институции вработен и пред две недели отфрлен од работа, од тамошната локална власт. Исто така еве за Министерството за култура за кои се издвоени голем број на средства имаме само еден припадник од нашата Ромска заедница. Можеби таму се вработени 200, се уште не постои решение за редовен работен однос, односно нејзиното вработување е во знак прашање.

Вакви примери имаме во сите министерства и од тие причини треба оваа Влада преку Буџетот во иднина да се заинтересира токму на подобра интеграција на ромсксата заедница во државата. Состојбата со граѓаните од Ромската заедница и во другите општини исто  така е катастрофална. Не би сакал да се повторам во овој дел, со оглед да во Буџетот по сите основи, по сите стафки, неколку пати е зголемн процентуално за разлика од претходниот Буџет. Очекувам навистина искрена и правилна распределба на овие средства од Буџетот за да и ромската заедница ги осети благодетите токму од овој Буџет.

Се надевам дека нашата Влада, односно овој Буџет има капацитети да ги подобри токму овие состојби на ромското граѓанство. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Пауза за ручек продолжуваме во 15,00 часот.

(Седницата прекина во 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,06 часот)

**Љубиша Георгиевски:**

Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Продолжуваме со општ претрес по Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Збор има господинот Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам.

Не сакајќи да се повторувам, ќе се потрудам, врз основа на тоа што ние сме расправале или во однос на тоа Собранието расправало овие денови во однос на Буџетот, значи прашањата за кои што требаше да се разговара како од позиција така и од страна на опозицијата. Нема да ги повторам истите работи, туку ќе се потрудам за неколку прашања за кои ценам дека треба да ги кажам, а не се кажани во досегашната расправа, истите да ги нагласам во моето излагање.

Вистината е дека овој Буџет како и изминатите Буџети се заснова во одредени макроекономски индикатори преку кои нормално се предвудува раст на Бруто домашниот производ за 4% се предвидува пораст на вработување, се предвидува индустрискиот производ, итн, индикатори кои се проектирани и кои се предвидува да се реализираат во текот на 2007 година.

Во овој контекст и врз овие макроекономски индикатори или показатели презентирани во воведниот дел на овој Буџет се предвидени буџетски проекции во врска со реализирањето на буџетските приходи, а од друга страна реализирањето на буџетските расходи, како во Буџетот на Република Македонија, така и во Централниот и Буџетот на фондови, што нормалн,. заедно го сочинуваат државниот Буџет или Буџетот на Република Македонија. Во оваа насока сакам да нагласам дека е една неоспорна вистина дека со овој проект се предвидува пораст на буџетските приходи во споредба со Буџетот од 2006 година и нормално со ребалансот на тој Буџет кој се донесе пред извесно време од ова Собрание и во овој контекст од овие буџетски приходи предвидени на ова ниво значајна улога имаат приходите кои се реализираат од даночните приходи.

Меѓу овие приходи е интересно дека и наспроти предлогот кој е понуден за намалување на данокот на добивка, приходите кои се очекува да се реализираат за 2007 година во согласност со тоа што е презентирано во овој Предлог Буџет, се предвидува да имат пораст на приходите. Според мене овој пораст на приходите кои се реализираат од данокот на добивка подразбира

пораст или прогрес на активностите на економските субјекти кои работат во Република Македонија преку што нормално во предвидениот проект се предвидува да се реализираат така наречениот одредени даночни приходи кои се сметаат на крајот од секоја одредена година и покрај тоа за мене можам да кажам дека индикативно прашање во контекст кога се има во предвид фактот се предвидува да се намали даночниот процент како што се најави и сигурно ќе се донесе во ова Собрание истовремено се предвидува да се намалат, односно да има пораст реализирани од данокот на добивка.

До колку предлагачот мисли дека овие приходи ќе се реализираат преку отстранувањето на така наречената даночна евазија, во контекст на ова кога се има во предвид одредени правила, посебно начелата на кои се заснова развојот на пазарната економија, мислам дека ќе биде тешко и покрај се да се реализира овој проект или ова проекција како што е предвидена со овој Буџет.

Во контекст на ова во споредба со висината на приходи кои ќе се реализираат од персоналниот данок во споредба со 2006 година се предвидуваше намалување поради, како што се вели, поради намалувањето на даночниот процент и покрај тоа во ралација со порастот на бројот на вработени како макроекономски индикатор кој се предвидува да се зголеми за 4%, во релација со ова што го кажав и што се предвидува со овој Предлог Буџет ценам дека проектот во врска со реализирањето на приходите од персоналниот данок тешко ќе се реализира како што е предвидено со овој Буџет.

Но, интересен е фактот дека од даночните приходи несомнено,посебна улога и во претходните буџети, но и во овој Буџет ќе има проект кој се реализира од данокот на додадена вредност, данок или приходи од овој данок се предвидуваат да пораснат до 11% во споредба со реализираните приходи за 2006 година, но и покрај тоа што тоа е презентирано и оснтава да се разбере дека во 2007 година и наспроти најавите дека ќе има намалување на процентот на данокот како што се знае сега веќе дека данокот на додадентата вредност кај нас се плаќа со 2% општиот процент 18% и така наречениот 5% олеснувачки даночен процент. Мојата оценка е дека од дадените проекти во овој Предлог закон нема да има измени во процентите на данокот сигурно дека и оваа Влада ќе продолжи со овие 2% на даноци, но и покрај тоа во овој констекст ќе кажам и нешто друго, кога се говори за даночните приходи.

Акцизите како данок на промет кој се плаќаат само за одредени акцизни стоки, како што е тутунските производи, алкохолните пријалоци, минерални масла, како што знаеме за сите се плаќа за одредени транспортни средства, за возила. Изјавено е од многу претставници дека ќе се направи се за акцизите за возилата или за транспортните средства да се остранат или да се елеминираат во целост, но имајќи го во предвид тоа за 2007 година во согласност со тоа што е проектирано се предвидува исто така пораст на приходите на акцизи, се подразбира дека и понатаму нема да имаме измени во оваа насока, што значи дека во 2007 акцизите ќе се плаќаат и за возилата односно за одредени транспортни средства

Кога говорам за приходите ќе се задржам во еден дел на приходите кои се капитални приходи, затоа што како во 2005 - 2006 исто така и во 2007 година или со понудениот предлог се предвидува пораст на капиталните приходи, приходи кои нормално се реализираат на изворен начин или оригинален од државата или од државните органи и во овој контекст овие приходи за кои се знае дека се презентирани се подразбира дека ќе се реализираат од продажбата на тоа што е имот и државен имот. Но како и да е мое мислење и понатаму продолжува продажбата на државниот имот, затоа што процесот на приватизација како таков сите знаеме дека заврши, државните субјекти мислам дека засега намем каков државен имот ќе се продава тоа што ќе се реализираат приходи од ова немам таква информација.

Но, како и да е многу интересен дел на буџетските расходи каде исто така во споредба со проектите кои беа предвидени за Буџетот за 2006 година имаме одреден пораст. Во оваа насока ќе се потрудам во кратки точки да бидам појасен и да ги кажам моите забелешки или, но, доколку ми се дозволи да кажам и недостатоците кои ги има овој Предлог Буџет за 2007. Повеќе од евидентно е дека одредени сретства има пораст во Министерството за земјоделство или областа за земјоделство и ценам дека нема дилеми во оваа насока. Но и покрај тоа доколку се реализира внимателно разделите каде се опфаќаат средства наменети за ова Министерство ќе дојдеме до констатација дека и наспорти порастот на буџетските приходи односно на буџетските расходи наменети за земјоделството во споредба со така наречените субвенции и трансферите предвидени со Буџетот за 2006 година со субвенции и трансфери кои се предвидуваат со овој Буџет иако имаме пораст, но овој пораст е многу мал. Во оваа насока, во оваа област многу поголеми се на пример, споредувајќи го Буџетот од 2006 со Буџетот за 2007 многу се поголеми приходите односно расходите предвидени за таканаречените договорни услуги или за купување на стоки и услуги каде ценам дека имаме драстичен пораст кој според мене не е во ред ова, посебно кога се има во предвид фактот дека договорните услуги како услуги кои секогаш се реализираат во однос на одредени договори каде секогаш постои одредена можност за разни малверзации.

Интересно е нешто друго во ова Министерство, доколку имаме пораст на наменетите средства во земјоделството како земјоделска дејност во истото Министерство се намалува средствата наменети за шумарството. Кога се има во предвид еден друг факт дека интересот на сите граѓани,а

ценам и на оваа Влада би бил и покрај тоа шумарството да се ревативизира и зошто да не се развие и оваа дејност на земјоделството. Исто така е интересно прашањето со Министерството за труд и социјална политика во кое Министерство имаме пораст на средствата наменети за здравствената заштита, но и покрај тоа немам или не можам да дојдам до информациите кои се причините зошто во исто време се намалуваат средствата насочени во заштитата на децата.

Во Министерството за образование доколку имаме како што е презентирано во овој Буџет имаме пораст на средствата наменети за основното или средното образование повремено имаме намалување на средствата за науката или научните истражувања.

Тоа што посебно ми остави впечаток е тоа дека во споредба средствата предвидени за судската власт секогаш споредуваќи ги со 2006 година во услови кога сакаме да имаме една независна судска власт, би рекол ефикасна судска власт во услови кога сите се трудиме Македонија да успее еднаш за секогаш во себе да ги инкорпорира таканаречените начелата на правна држава и да се создаде како правна држава, за кое ценам дека сите се согласуваме и овде немаме никакви дилеми затоа што ние треба да го имаме во предвид тоа дека без правна држава, без вистинско спроведување на прописите и законите или другите потзаконски акти никогаш нема да имаме странски инвестиции во Македонија.

Јас не би сакал да говорам за странските инвестиции материја со која сум докторирал, но и покрај тоа во овој случај ќе нагласам уште еднаш, не знам навистина која е причината за 2006 година судсаката власт да им се намалат средствата со претходната година. Значи, 2007 во однос на 2006 година. Јас би завршил овде со моето излагање имам и неколку други забелешки кои нормално ќе ги искажам во моментот кога ќе се расправа за моите поднесени амандмани, забелешки како во врска со капиталните инвестиции за кои се говореше и расправаше, инвестиции кои нормално се инвестирањи во програмите и подпрограмите на Владата и од тоа што е предвидено јасно се гледа дека капиталните инвестиции посебно ќе нагаласам во Западниот дел на Македонија во 2007 нема да има. И покрај тоа несакајќи да се повторам со она што ќе говорам за амандманите овде ќе прекинам со моето излагање со надеж дека прашањето или другите забелешки за овие инвестиции ќе ги кажам кога ќе дојде време. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има ли реплики.

Агим Рамадани, повелете три минути реплика.

**Агим Рамадани:** Го поздравувам дискутантот, господинот Аднан Јашари и ме засегна последниот дел од неговата дискусија кога рече дека капиталните инвестиции во западниот дел од Македонија нема да има. Јас од политички аспект ќе му одговорам. Нема, затоа што не можам од економски аспект да му одговорам, затоа што тој е стручњак во таа област, значи ќе кажам дека поголема капитална инвестција од почнувањето на инвестирањето во култирните објекти кои што повторно ќе ги спомнам кои ги споменав и минатиот пат како на пример, театарот во Тетово, Албанскиот национален театер во Тетово, библиотеката во Тетово и Албанолошкиот институт во Скопје и многу други инвестиции и адаптирање на приспособување на зградите за универзитетот во Тетово.

Така како што ги изјави министерот во средствата за информирање. Значи ќе се направат приспособувања на касарните во целата Македонија и во Тетово посебно за Универзитетот во Тетово. Од политички аспект ќе кажам повторно дека ова е вклучително голем капитал за мене, вереувам и за сите оние кои што ги претставуваме тука ние, денес од целата Западна Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Аднан Јашари контра реплика. Една минута повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам. Не е во прашање реплика или против реплика, но сакам нешто да го информирам почитуваниот колега. Објекти на Државниот тетовски универзитет како што знаат сите се во тек и е повикот евидентно дека иако јас лично сум очекувал да се предвидат средства за поддржување на работите, оваа работа не се случува, во оваа прилика, тоа, што заборавив да го кажам, ќе го кажам сега. Во Буџетот за 2006 година, колега Агим, сакам да ве информирам дека доделивме средства и за програмските студии од интерес за државата, како што е програмската студија на јавната администрација во Универзитетот на Југоисточна Европа. Ако немате информации добро, ќе ве информирам дека првата година во овој факултет во УЈИ е финансиран од државниот буџет. Овие средства не се предвидени со Буџетот за 2007 година. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега збор има Јакупи Зумрете. Повелете.

**Зумрете Јакупи:** Ви благодарам.Почитувани пратеници, почитуван господине Георгиевски.

Предлог-буџетот за 2007 година и за Фондот за здравствена заштита и Фондот за пензиско-инвалидско осигурување или пак Фондот за магистрални патишта и локални патишта, како и на Агенцијата за вработување во Република Македонија. Според моите анализи констатирам дека е многу воопштен и многу површински, затоа што нема детали за реализирања и прецизни определби. Исто така и што во суштина е спорно сето тоа. Го велам тоа врз основа на Предлог-буџетот на Република Македонија каде што гледаме дека како пример, во К-5 програмата гледам дека првичната и соодветна застапеност на етничките заедници за оваа цел се доделени околу 150 милиони денари. Меѓутоа, нејаснотијата

е во тоа што овие средства колку ќе влијаат врз пропорционалната измена или промена на застапувањето на другите заедници,во администрацијата и тој процент кој што би се изменил со овие средства дали ќе бидат значи истите доволни за рационални менувања и за што побрзо исполнување на Охридскиот рамковен договор во овие сегмети. На големо говорите дека распределбата на добрата преку Буџетот, програмиран пред нас е рационална распределба која што ги задоволува во доволна мерка потребите на заедниците и потребите на сите области и региони во Република Македонија. Меѓутоа, во пропагандната програма на стоте први дена на владеење на мандатарот господин Никола Груевски, со ниту еден елемент не беше предложено инвстирање и не беше всушност претставено инвестирање кое што би докажало дека оваа Влада има предвидено инвестиции кои што би ги задоволиле и потребите на другите заедници, што во овој случај би рекла дека би ги задоволила и потребите на албанското население кое што во пропагандната политика на Владата би го нашла и своето сопствено застапување и би ја зголемила довербата за еден позитивен пристап.

Исто така, имам забелешка и за средствата доделени за образование, каде што имаме 17,3% од општиот буџет кој што не се прецизирани да се распределат за обезбедувањето на соодветните и нормалните услови за работа во училиштата кои што постојат. За обнова и реконструкција на истите, исто така и за обнова и обезбедување на други дополнителни средства за нормална работа. Давајќи му приоритет на дополнителното воспитување и образување на наставниот кадар, а потоа се предвидуваат и расходи за компјутери, затоа што со компјутеризацијата без обезбедување на суштински егзистенцијални услови, не може да се одвива современа настава и унапредување во истата. Тука можам да го кажам примерот на основното училиште во Блаце, кое што училиште ги нема елементарните услови за нормален тек на наставата и како утре да се компјутеризира ова училиште.

Исто така, треба да се каже нешто и за училиштето во Шутка. Малку порано и господинот пратеник Шабан Салиу кажа за состојбата на училиштето во Шуто Оризари. Како може да се направи компјутеризација пред да се уредат другите работи, кога се знае дека во ова училиште постојат паралелки кои се оптоварени со бројот на учениците и дури се работи и во три смени, заради недостаток на простории, а камо ли да говориме за компјутеризација. Не дека сум против компјутеризација, напротив.

Тука сакам да го спомнам и Средното училиште “Панче Карагозов” каде што претходно сум работела. Поради тремот кој беше срушен и сите атмосферски врнежи продираа во ова средно училиште и ја оштетуваа внатрешноста на зградата, сега е направена само една површинска поправка, која штто е краткорочна. Како предвидувате да се направи инвестиција во насока на компјутеризација кога кровот е во таква состојба. Тука сакам да спомнам и за моите забелешки кои што ги имам во однос на категоризацијата на студентите. Всушност, на стипендистите според тоа каде студираат, дали во приватно или во државно училиште, ги имаат и своите привилегии. Меѓутоа, дали се привилегирани и тие ученици и тие студенти кои што се запишани и студираат на државните факултети. Кога овие другите на некој начин се дискриминирани поради нивна среќа или несреќа, што немале можност да се запишат, или пак што не се запишани во државни училишта. Јас сум за рангирање, меѓутоа да биде врз основа на насоките. Доколку има потреба, значи да се даде приоритет на определените насоки за кои што има потреба државата. Значи, доколку има потреба, евентуално да се направи нешто во оваа насока.

По однос на предложениот буџет доаѓа до израз и во здравството. Кога се говори за ефикасен систем за здравствена заштита, според стандардите на Европска унија, бидејќи се знае дека во овие држави,всушност во овие земји приоритет се дава на поливалентната услуга или поливалентната патронажа, овозможувајќи развој и усовршување на оваа услуга. Поради многуте предности и многустраните предности што како објект го има семејството кое што е како основна клетка на општеството. Додека во нашата земја, во Република Македонија, според овој Предлог-буџет предложен кој што го имам пред мене, оваа услуга се претопува во заштита и здравствена превентива како сектор бивалентен сектор каде што се опфаќа само здравствената заштита на мајка и дете, а не да функционира како поливалентна услуга. И тоа, во оваа насока имаме средства кои што се намалени, значи немаме предвидено и тука потребни средства имајќи предвид значајот на оваа категорија. Во оваа услуга во која што говорам значи сега, поливалентната патронажна услуга во текот на годините 2003 и 2004 година, направени се многу инвестирања за рехабилитација на оваа услуга, која што е поливалентна преку разните владини и невладини организации од УНИЦЕФ, од Светска здравствена организација и сега преку многуте проекти за рехабилитација на оваа насока се направи и се реализира и едуцирање и образување на кадрите за поливалентната здравстена услуга.

Исто така, се инвестираа и многу средства за апарати, за превозни средства, за уредување на администрацијата на оваа услуга, на начин да биде рехабилитацијата на оваа услуга потполно. Услуга која што ја спомнав малку порано поради многуте приоритети и се одеше во таа насока да се усоврши исто, со цел да се разјасни колку што е можно повеќе и да и се даде потребното значение.

Исто така, во тоа време, времето кое што го нагласив, кадарот кој што претходно беше сочинат од 160 медицински сестри, се зголеми на

320 медицински сестри, на поливалентната патронажна служба која што служба има ист пристап кај граѓаните, без оглед на социјалниот статус на истите. И, во текот на работењето на оваа служба во текот на нивните посети во семејствата, медицинската сестра освен здравственото образование, воспитание, информирањата и упатувањата кои што ги нуди и за здравствена нега, преку комуницирањето, таа во текот на своите посети, се здобива со довербата на семејството, овозможувајќи на некој начин нивна транспарентност што овозможува и познавање на разните проблеми како што се проблемите на насилство или пак случј на деликвенција, на разни болести, било да се тие заразни или пак хронични во таа насока и тн. За сето ова се преземаат соодветни мерки, а за да не должам повеќе во описот на работата на оваа служба, сакам да нагласам дека оваа служба која што е толку плодна и која служба освен другите приоритети, која е многу економична и профитабилна. Додека ми е зборот за здравството, сакам да спомнам и за амбулантата во селото Блаце каде што се направени инвестирања, меѓутоа, не е дојдено до нивно завршување и затоа не функционира истата. Според овој Предлог-буџет, истата амбуланта се заобиколува. Што се однесува за електрината енергија што сте планирале да ја произведувате од мазутот јас сум љубопитна и поставувам прашање на кој начин се направи снабдувањето со 50 илјади тони мазут и зошто договорот беше директен со ОКТА, за што исто така се дадоа 20 милиони евра, кога се знае врз основа на постоечките услови што ги имаме до сега, според климата што ја имаме, нема да дојде до дефицит од електрина анергија.

Исто така, поставувам прашање колку ќе одговори на потребите на граѓаните овој буџет. Колку ќе се зголеми бројот на јавната администрација. Дали ќе ги затвори постоечките празнини врз основа на кој аргумент и според кој проект ќе се обезбедат овие средства за овој буџет.

Во насока на културата овој Предлог-буџет предвидува симболични инвестиции за другите заедници и тоа во целост се концентрирани во привилегирани области. Освен библиотеката во Тетово и театарот во Тетово исто така и некои други ситници се спона и Филозофскиот факултет, Институтот за албански јазик. Не ми е јасно врз основа на кој закон Владата може да додели средства од Буџетот во фондацијата за привршување на градење на крстот на Водно, каде што се предвидени околу 370 илјади евра.

Наспроти многуте забелешки, коментари, дилеми дека овој објект влијае врз поделбата меѓу разните етнички и верски заедници, провоцирајќи половина од граѓаните на Република Македонија, оваа Влада, овој објект го проценува до тој степен и го вреднува до тој степен што го определува како расветлувач на процесот што дава имиџ на библиска земја, со целосната почит што ја имам. Слободата и правата на сите граѓани, без оглед на кој етникум или на која конфесија припаѓаат, мене ми пречи начинот, дискриминаторскиот начин на оваа Влада кон заедниците, од причини што за некого е мајка, додека за некого е маќеа.

Го велам ова, со самиот факт што никако не можам да се согласам со овој горчлив факт дека едно албанско село во Битола, што беше многу актуелно и во медиумите, каде населението, со свој самопридонес сакаа да изградат џамија на местото на старата џамија, и овие жители се спречени во остварувањето на тоа. И покрај тоа што придонесите ги имаат платено самите, со самопридонес. Убедувајќи ги, што е најлошо, од албански пратеници, да не градат џамија, а како награда, велам како “награда” ќе им изградат водовод, што всушност е обврска на Владата.

Што се однесува на патиштата, за двете цркви за кои што се обезбедуваат средства од Буџетот, исто така и патот до крстот, немам коментар. Во целост за инфраструктурата на деловите каде што живеат Албанци немаме што да се пофалиме од овој Предлог буџет, посебно за деловите на албанските села каде што нема финансиски средства како и вообичаено, а да не говорам повеќе за градењето на некоја џамија бидејќи има средства за градење на две цркви. За реконстструкција и за многу други инвестиции во обновата на другите цркви, тука нема средства.

Пред да привршам, сакам да ви кажам дека јас констатирав дека ќе се легализира, со овој Предлог - буџет, можноста да парите на граѓаните завршат во нечии џебови.

Без да се реализира, тоа го констатирам, без да се реализира целосна децентрализација на општините, нема можност да се спроведат квалитетни реформи во ниту една насока. Нешто што настојува да го направи оваа Влада. Затоа што вака не се прави реализација и остварување на предвидената политика со Устав и според Охридскиот договор.

Ви благодарам за вниманието и се надевам сите присутни и сите пратеници уште еднаш ќе го анализираат овој Предлог - буџет, посебно Владата ќе презема мерки на најпропорционален начин да се реализира овој Предлог - буџет. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор министерот за финансии. Повелете.

**Трајко Славески:** Навистина, не би сакал да навлегувам во дебата со дискусии кои што заликуваат на дискусии од минати времиња. Има едно друго име за таквиот тон и за таквите формулации нема да го употребам затоа што и тоа е минато, тоа е терминологија на 19-от век, но ќе искористам формулација дека тие формулации или размислувања се ретроградни и не одговараат на ситуација или состојба во Република Македонија, крајот на 2006 година или крајот на 21-от век.

Составен дел од дискусијата од господинот Јакупи кога сака да ги дели инвестициите, Буџетот до секоја последна ставка по тоа колку некоја

етничка заедница добивала или губела. Беше спомната една голема невистина што може да создаде една заблуда во јавноста дека за делови цитирам или парафразирам, каде живеат Албанци нема ништо во овој Буџет.

Запрашан што се средствата за народна одбрана при Министерството за одбрана каде што се обезбедува во рамките на државата како целина, делување на безбедносниот систем во Република Македонија. Тоа е јавно добро што го обезбедува одбраната како и органите што се финансираат од овој Буџет за обезбедување најавија ред и мир.

Министерството за внатрешни работи зафаќаат голем дел од средствата, тој јавен ред и мир одбраната, владеењето на правото се обезбедува преку овој Буџет со финансирање на адекватно на институциите кои што тоа го вршат на целата територија на Република Македонија.

Што со намалувањето на даноците кои што ќе го почувствуваат сите етнички заедници, сите оние кои што се зафатиле со продуктивна активност во Република Македонија, а не со непродуктивни обвинувања и конструкции.

Понатаму јас во никој случај нема да прифатам не како министер за финансии како интелектуалец дека инвестициите во Народната и Универзитетска библиотека во Скопје се етнички обоени. Госпоѓо Јакупи ве молам отидете сега таму ќе видите дека повеќе Албанци има тоа лично сум го видел кој што студираат подготвуваат испити и колуквиуми односно Македонци. Како што не можам да прифатам дека инвестициите во Тетовскиот театар, инвестициите во библиотеката во Тетово ќе бидат во некоја етничка зедница. Претпоставувам дека таму ќе бидат дела од светската наука, уметност, литература итн, што ќе бидат достапни за сите на тие територии. И еден да има претставник од било која етничка заедница во Тетово ќе има право за пристап и еднаков третман таму.

Оттука, навистина, ме боли кога ќе слушнам вакви формулации, вакви дискусии. Уште еднаш ќе повторам, вашето размислување е целосно ратроградно и го отфрлам.

Го спомнавте Милениумскиот крст. Верувајте, не мислам дека сте во право кога велите дека тој објект провоцира некого. Затоа што според димензиите што 99% од луѓето кои не можеле да се искачат таму, не е ништо помал ниту поголем од осветлена џамија, црква или некој друг верски објект. Тоа е резултат на нашата различност. Едно поголемо ниво на толеранција, навистина ќе ни помогне да гледаме напред, а не да се враќаме назад во минатото. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави Селмани Елмазе.

Имате реплики на министерот. Прво, Јакупи Зумрете, па потоа Хани Тахир.

Три минути реплика Јакупи Зумрете. Повелете, или остана само Хани Тахир.

Јакупи Зумрете беше пријавена, затоа прашувам. Ако се повлекува Јакупи Зумрете, тогаш нека повели Хани Тахир. Ако не се повлекува, тогаш нека повели Јакупи Зумрете. Хани Тахир, три минути.

**Тахир Хани:** Почитуван господине Георгиевски, почитувани пратеници, јас сакам накратко да му реплицирам на министерот за финансии, велејќи му дека треба да му биде јасно дека дефиницијата политика значи распределба на материјалните добра. И кога се става во прашање распределбата на материјалните добра секако важи едно прашање кое често пати е кажано од вас дека коалицијата е договор на интереси меѓу политичките партии кои ќе ги сплотат нивните интереси во власта. И нормално е секоја политичка група и секоја заедница да бара да визи колку и припаѓаат од општите материјални добра од земјата. Се разбира дека во оваа насока да не биде неговата забелешка зошто ги гледаме работите на овој начин на распределбата на материјалнте добра. Јас мислам дека забелешките држат, бидејќи пропагандата на Владата на Република Македонија која се направи за стоте дена од Владата со ниту еден елемент Албанците не се презентираа. Треба да се знае ова прашање дека е Влада на коалицијата и на албанската заедница. И кога се говори, за пропаганда треба да биде и со учеството на овие елементи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За реплики се пријавија Селмани Елмазе и Кадри Фљора.

Селмани Елмазе, повелете три минути.

**Елмазе Селмани:** Ви благодарам почитуван претседателе.

Сакам да го потсетам претходниот пратеник дека во Буџетот за 2007 година се предвидени три пати повеќе средства за правична и соодветна застапеност, значи три пати повеќе средства од поранешниот Буџет. Исто така, без да се интервенира во нејзините сознанија околу енергетиката, организирање на здравствениот систем, антикорупцијата каде госпоѓата се јавува како вистински експерт, сакам да ја потсетам дека звучи смешно и е бедна констатацијата на пратеничката дека средствата од Буџетот предвидени за културата се ситници. Ја прашувам госпоѓата како може да биде ситница библиотеката, театарот, а посебно албанолошкиот институт кој беше сон, поодамнешен сон на сите албански интелектуалци.

**Љубиша Георгиевски:** Зумрете Јакупи, контра реплика една минута. Повелете.

**Зумрете Јакупи:** Се однесува на зборот што го кажавте во однос на образованието, или пак здравството. Јас имам информации, стручњак сум во таа насока, затоа што зборовите што ги кажав, ги кажав врз основа на аргументите. И повторно ќе кажам, значи не реков за театарот, не реков за библиотеката, јас реков други ситници. И каде гледате освен тие два проекти и некои други мали

ситници, каде на друго место ги гледа проектите на овој Буџет за да се интервенира во деловите на албанската култура, посебно на пример за муслиманската вера. Затоа што за црквите се предвидени многу средства, а што се однесува на џамиите не е предвидена ниту симболична сума никаде. Тоа ми беше зборот.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика Фљора Кадри.

**Фљора Кадри:** Ви благодарам почитуван претседателе. Треба да констатирам неопходно дека пратниците од опозиција, посебно на коалицијата ДУИ - ПДП со нивните излагања секогаш го обелоденуваат нивниот неуспех во нивната власт. Не знам зошто им пречи дека состојбите се менуваат во корист на подобрување на секојдневниот живот, на секојдневниот живот на албанскиот народ во Република Македонија. Не знам им пречи дека во проектот на Буџетот за 2007 година програмата К-5 забележува троен пораст. Не разбирам зошто ви пречи дека се планира отворањето на албанолошки институт, национален театар во Тетово и библиотеката во Тетово. Навистина не можам да ве разберам. Можеби за четирите минати години не бевте во состојба за да направите еден чекор во однос на културната област, а посебно за Албанскиот народ во Република Македонија. И не ме чуди воопшто фактот дека беше една изјава на ваши високи функционери во почетокот на вашата власт кога рекоа дека, имаме други приоритети и дека културата не претставува приоритет во вашата власт. Затоа можеби и не треба да ме чуди овој факт, иако за албанското население кое е концентрирано најмногу живее и функционира токму во Западниот дел на Македонија, отворањето на овие културни установи претставува неопходна потреба. Исто така, не можам да ве разберам зошто ви пречи реновирањето и подобрувањето на условите на стотици училишни објекти во Западна Македонија. Значи, не можам да ве разберам зошто ви пречи толку многу имплементацијата на компјутерските системи во образованието. Ова не можам да го разберам и не можам да разберам зошто ви пречи правичната и соодветна застапеност на Албанците, значи порастот на соодветната застапеност на Албанците на рапиден начин како од квалитетен аспект, така и од квантитативен аспект. Значи, не барајте една вина која не постои. Но, анализирајте ги вашите потфрлувања во текот на вашата власт и понатаму имајте доблест да сугерирате и укажувате.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика една минута Зумрете Јакупи.

**Зумрете Јакупи:** Овие работи што ги кажавате вие подобро ги проценува народот. Толку се успешни, оваа Влада е толку успешна што многуте седници се блокираат. Освен тоа мене ме интересира колкав процент од Буџетот е определен за албанското население. Дали сте свесни колку се квалификувани во оваа насока. Освен тоа јас воопшто не го критикував театарот, или пак библиотеката, туку во целост колкаво е учеството на инвестирање во албанската страна и другите заедници.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе, почитувани колеги, почитуван министер, причина за моето повторно јавување е вчерашниот говор на министерот во кој што тој одговори на дел од моите поставени прашања. Би сакал да дадам свое видување по некои од констатациите на министерот. Најпрво би се заблагодарил на одговорот на прашањата. Се надевам дека и на другите прашања кои што ги поставив ќе моожам да добијам одговор. Јас во својата дискусија околу Предлогот на Буџетот изразив сомневање, или загриженост дека проекциите кои што се направени во однос на планирањето на приходната страна од Буџетот при планирањето се земени највисоките можни приходи, или позиции кои што можат да се остварат и дека реално е тешко тоа да се оствари. Исто така, изразив сомневање околу проектираниот пораст на бруто општествениот производ кој што реално се планира да изнесува 6 до 7%, а доколку се земе инфлацијата од 3%, значи треба да се оствари номинален пораст од 9 до 10 процентни поени. Исто така, дискутиравте околу капиталните расходи и околу развојната компонента на Буџетот. Министерот во своето обраќање, или одговорот на прашањата истакна дека развојната компонента на овој Буџет не треба да се гледа само преку капиталните расходи, туку дека треба да се гледа и преку другите политики кои што ги спроведува Владата, или планира да ги спроведе преку овој Буџет и преку донесувањето на законите и актите, одлуките кои што ги носи Владата.

Би сакал да дадам свое видување околу овие ставови на министерот. Значи се планира пораст на инвестициите во наредната година од 11 до 15% во бруто износ и 5% на приватната потрошувачка, пред тоа како главни аргументи дека овој пораст ќе се оствари, иако не беа наведени конкретни проекти се Законите за персоналниот доход со кој тиј се намалува од ставките 15 до 18 и 24% на 12% И Законот за добивка во кој што се предвидува ослободување на реинвестираната  добивка и со поднесениот амандман веднаш се покажува дека можеби во проекциите околу ослободувањето за данокот на добивка Владата да одделат преоптимистички како што кажавме и сега со амандманот предвидува во наредната година највисокото ослободување по однос на реинвестираната добивка, да изнесува само 50%.

Веднаш ќе кажам дека сметам по однос на Владата, подобро ќе беше да останеше старото решение, постојно, а тоа е доколку се инвестираат над 100.000 евра, компанијата, трговското друштво или претпријатието да биде ослободено од данок на добивка.

Околу Законот за намалување на персоналниот доход, би сакал да кажам некои свои аргументи.

Значи, ако сте компанија која што веќе инвестира во Република Македонија и очекувате дека со овие ослободувања ќе се ослободат дел од средствата, во тој случај сигурно би правеле план каде би ги потрошиле тие средства.

Според мене има три можности. Едната можност е да се употребат за покачување на личните доходи. Втората можност е да се употребат за инвестиции и третата можност е да се повлечат од промет, да се стават на сметка на банка како мртов капитал, кој што би се оплодувал само по основ на каматата која се добива за тие влогови.

Најреално или најдобро би било, доколку се употребат првите две варијанти, меѓутоа, јас би сакал да кажам дека и по однос на овие ослободувања, за сите оние што работат во Република Македонија, компаниии или претпријатија, овој Закон ќе донесе многу мала придобивка, можеби и никаква, затоа што од друга страна имаме барање за покачување на цената на електричната енергија. Доколку тоа се реализира сите овие придобивки кои се од намалувањето на данокот, фирмите ќе мораат тие средства да ги употребат, да ги компензираат трошоците за електрична енергија кои што се импут во производството и мора да ги планираат. Затоа, за сите оние компании кои што веќе егзистираат или работат во Република Македонија овој закон нема да придонесе за некое значително релаксирање, или ослободување на сума на пари со која што тие би можеле да ја реинвестираат, или евентуално да ги покачат платите на своите вработени, да ја зголемат масата на пари во прометот.

Во однос на Законот за добивка, веќе кажав дека беше подобро, доколку Владата инсистира, а веќе го предложи овој амандман, да остане старото решение. Тука прашањето за добивка знаеме дека данок на добивка се плаќа на фактурирана реализација, што значи дека голем дел од тие добивки, имајќи ја предвид како оди наплатата и колку судски спровои се водат по судовите, веројатно и тие пари реално компаниите ги немаат меѓутоа мора да фактурираат, да испорачаат фактура, мора и да го платат данокот, така што и по овој основ, не знам колку домашните претпријатија и компании ќе искористат од овој Закон.

Доколку Владата планира овие два закона да бидат основа на која што и покрај други олеснувања ќе ги темели својата кампања околу привлекувањето на странските инвестиции, јас би рекол дека овие закони се само дел од мозаикот или пакетот кој што Владата треба да го понуди, доколку реално сака да заинтересира или сака да привлече некој странски инвеститор во Република Македонија. Бидејќи од искуствата што ги имаме, странските инвеститори прво се интересираат за стабилноста на земјата, за политичката клима, потоа се интересираат за тоа дали е сигурна нивната сопственост, односно како функционираат институциите на системот и правната држава. Мислам евентуално дека при крајот на нивните пресметки дали да инвестираат или не во Република Македонија се наоѓаат давачките и при тоа да кажам дека тие многу ретко ги калкулираат кај овие две давачки кои не се најголемите кои што се плаќаат во Република Македонија, доколку водите бизнис. Значи најголеми се давачките за ПИОМ за здравствено осигурување и добро би било доколку се води размислување или Владата планира, зависно од тоа доколку се остварат проекциите, кои што како кажав се многу оптимистички, ќе успее да предложи и други намалувања на давачките во Република Македонија. По Законот за намалување на ДДВ за земјоделците веќе слушнавме дека се испочитува делумно и дека не е набавувањето на земјоделските производи за 13%. Затоа мислам дека Владата покрај својата претпоставка дека растот може или привлекувањето на странските инвестиции да го оствари само врз основа на т.н. рамен данок, или најниската даночна основа пошироко во опкружувањето, треба многу повеќе да поработи и на другите прашања во Република Македонија, да се зафати со суштински реформи, да се зафати со решавање на сите оние тесни грла кои што постојат во функционирањето на одредени институции кои се битни за создавање на квалитетен економски амбиент во нашата држава и да ја претставиме Република Македонија како сигурно место за инвестирање. Тука сигурно спаѓаат политички услови, спаѓаат институционални, законски итн.

Мислам дека досега Владата се обидуваше со маркентишки настапи да создаде една атмосфера дека во Македонија се случува нешто многу значајно во делот на економијата. За поздравување е отворениот дијалог, за поздравување е комуникацијата со стопанството, меѓутоа, мислам дека брзо ќе дојде времето кога и стопанствениците ќе истапат во што поконкретни и посериозни барања од Владата и би ја охрабрил Владата без разлика на тежината на процесите, на одлуките кои што треба да ги донесе, да биде храбра да ги донесе, да ја спушти малку топката околу маркетингот, промовирањето на постапките, да се зафати со сериозни реформи, бидејќи сега кога дојде време да се зборува за економија, доколку ја испуштиме и оваа шанса да почнеме да ги решаваме економските прашања, мислам дека многу ќе се вратиме назад и многу ќе изгубиме и како држава и сите граѓани на Република Македонија, Затоа, мислам дека промовирањето на одредени проекти, како суштински не е потребн. Тука би ги спомнал законот за празници, законот за Народна банка, што се менува само името на банката, или законот за едношалтерски систем со кој што се предлага намалување на администрацијата за регистрација на трговско друштво од пет на три дена и ако се направи една анализа ги добивме тие податоци за колку време сега се регистрира едно претпријатие, ќе добиеме одговор дека во 99% случаи тоа се прави за три дена. Значи, повторно не е нешто суштинско за кое што би

можеле да се заинтересираат и инвесторите и да дојдат во Република Македонија.

Исто така мислам дека Владата некои свои одлуки треба да ги темели на посериозни анализи и подобро да размисли пред да изнесе свои ставови во јавноста и да пресече по одреден прашања. Јас мислам дека е грешка што Владата го раскина тендерот за ТЕЦ Неготино со ЕВН, имајќи ги предвид инвестициите кои што беа понудени од страна на Аврстирската компанија. Мислам дека исто така е погрешно затворањето на Силмак околу енергијата, бидејќи тоа се прави во сите земји, покрај економското има и одредено демографско стратешко значење за Република Македонија. Мислам дека не требаше да настапи така Владата. Мислам дека ќе згреши доколку истото го повтори и за фабриката ФЕНИ.

Сега би сакал малку да дискутирам околу капиталните расходи во Буџетот, значи како еден сегмент во кој што може да се види развојната компонента на буџетот, а и на политиката на Владата на Република Македонија. При тоа, тие во однос на релативна бројка, значи како процент не се многу повисоки во однос на претходната година. Изнесуваат 14%, а во однос на нивната структура и приоритет, мислам дека не е добар балансот што е направен. Така што, мислам дека многу средства се предвидени во културата и при тоа, тие проекти во културата се концентрирани во три града во Републиката, а не се направени пошироки диверстификации на тие средства за да може и другите градови да учествуваат во овие капитални расходи. Исто така и во делот на образованието, кажав во дискусијата, да не се повторувам, мислам дека ќе беше подобро да се употребеа за реконструкција и за изградба на нови училишта во основното и во средното образование, а компјутеризацијата да се спроведеше во некоја наредна фаза. Тука сметам дека голем дел од овие средства како капитални расходи ќе беше добро доколку Владата ги насочеше прво кон регионални проекти, кон изградба на инфраструктура и од она што може сега веќе да го видиме и од реакциите на стопанството во решавање на енергетската криза, која што очигледно ни се заканува во Република Македонија. Мислам дека многу средства требаше да бидеат употребени од овие за изградба на гасификацијата на Република Македонија, евентуално, на изградба на нови енергетски објекти, бидејќи и тоа е еден од клучните услови некој да дојде да инвестира во Република Македонија.

Затоа сметам дека капиталните расходи оваа година од страна на Владата, веројатно, има и политички проценки од тоа таа што го правела како проекција каде ќе инвестира, не се добро избалансирани и мислам дека е многу рано, во првата година од своето владеење Владата да сака да се допадне на повеќето граѓани, мислам дека треба да почне со некои постратешки работи како би можеле проблемите да се решаваат на подолг рок, без разлика на рејтингот што ќе го има, ако некои од тие постапки не се многу популарни.

Околу децентрализацијата министерот одговори дека Владата нема да отстапи од втората фаза за децентрализација и дека ќе подготви документ кој што ќе го понуди на Заедницата на единиците на локалната самоуправа во кои што тие ќе дискутираат.

Јас би упатил една сугестија во однос на овој документ, а таа е конечно да почне индивидуално да се оценуваат општините. Постои голема разлика во нивото на развој на општини во Република Македонија и мислам дека пристапот во кој што Владата сите општини ќе ги стави во еден кош, или во една политика на долг рок ќе донесе грешки затоа што одредени општини што имаат и географски и економски и демографски предиспозиции би можеле многу побрзо да се развиваат од некои општини, што за жал, ги немаат тие можности и веројатно би требало да се размисли дали тие ќе успеат да егзистираат како единици на локална самоуправа на подолг рок.

Мојата главна препорака до Владата во таа насока би била токму таа, да почнат да воведуваат индивидуален пристап при оценувањето на општините во однос на нивната спремност да продолжат со втората фаза од децентрализацијата. Знаеме некои општини се многу задолжени, некои од општините не се задолжени имаат можност да го користат овој инструмент и добро ќе биде, доколку се понуди поинаков пристап, а не повторно да се оди дека сите општини се исти и дека ќе треба да чекаат како општина да биде помалку развиена за да го достигне нивото на некои што се понапред развиени.

Да не должам многу, би го замолил уште ендаш министерот околу двете прашања или амандмани што ги поставив, а тоа е свлечиштето Рамина во Велес, кое што е многу сериозен проблем. Во најмала рака би го замолил да испрати одредени стручњаци да ја видат состојбата на теренот. Да видат дека таму секој ден се повеќе куќи се опфаќаат со овој проблем и доколку не се интервенира за брзо време, не започне втората фаза, може да се случи голема трагедија во нашиот град, а мислам дека добро е, сега е веќе крајно време кога ќе почне зимата поостро или со повеќе врнежи, свлечиштето уште толку ќе се раздвижи и можат да се случат повторно сериозни проблеми. Нека дојдат стручњаци и нека ја погледаат во Министерството студијата што е изготвена за втората фаза, се со цел да се почне решавањето на овој проблем. И би го замолил исто така, прашањето околу театарот во Велес. Значи не се бараат средства за изградба на нова зграда од страна на Владата да биде финансирано, туку напротив, се бараат онолку средства, колку што е потребно да се затвори финансиската конструкција, сите пресметки се на маса, се е готово, само фали тие 30.000.000 денари конечно и Велес кој што има богато

културно минато да го добие и тој театар, претставите да не се играат како досега во кино, кое што е преадаптирано во театар , туку во нова театарска зграда. Благодарам.

**Бесим Догани:** За реплика се јави госпоѓата Стефановска Анета. Повелете.

**Анета Стефановска:** Почитуван колега, јас сакам да реплицирам во неколку делови.

Најпрво, за развојната програма на Владата. Сакам да кажам дека тука Владата предвидува многу мерки за надминување на енергетската криза, особено со Чебрен и Галиште, со изградба на тие големи два проекти, хидроцентрали и тука точно се преземаат мерки кои што вашата Влада досега не ги превземаше.

По однос на културата навистина многу неуко настапивте, бидејќи треба да знаете дека имаме ние Национална програма во која што има национални објекти на кои што треба да обрнува внимание централната власт а имаме и локални објекти на кои што треба локалната власт да обрнува внимание. Затоа е концентрирана Владата на оние објекти кои се од национален карактер.

Токму тука се предвидуваат, ако добро анализирате, најдобра сума на средства, што до сега не била никогаш предвидена. Особено културата, во вашето време, имаме точно работи што можеме да ги наброиме, од кои што навистина треба вие да се срамите, а камо ли да кажувате за пример во Буџетот, што со многу голема амбициозност настапува нашата Влада.

По однос на образованието, сакам да потенцирам дека 17% повеќе е предвидено во Буџетот, во овој Буџет, за разлика од вас, кои оставивте руинирани објекти и воопшто не им обрнавте внимание на санирањето на објектите. Навистина, мене ми е срам што ве слушам вака да дискутирате. Не би требало еден пратеник вака да дискутира, пред целата јавност да слуша, бидејќи, ако вие добро анализирате, исто така и во образованието, со 17% зголемен Буџет и со фондации што ќе донираат за санација на објектите, добро погледнете, ќе биде сосема јасно за колку училишта е предвидено во Буџетот да се санираат и да се реконструираат. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика од една минута господинот Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Добро, колешката има една реплика за сите од нас, особено за културата и за образованието. Би ја замолил, доколку може, кога се јавува за реплика да го држи нивото на еден пратеник и да не навредува вербално, без разлика од која политичка партија доаѓаме. А, во однос на Националната програма за култура, ако јас не сум упатен, би ја замолил да ја прочита и да види каде е запишан театарот во Велес како приоритет што треба да се гради во наредните пет години, а не овде да искажува паушалниоценки дека тој не е планиран.

Во однос на образованието, искажавме наша забелешка дека можеби е подобро да се изврши прво подготовка на училиштата, а компјутеризацијата веќе е започната со 4000 компјутери кои беа кинеска донација и има можност да се реализира.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Збор има министерот за финансии.

Процедурално бара збор Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе,

Процедурална забелешка до вас, мислам дека треба, а вие сте должни како во овој момент претседавач на Собранието да го сочувате дигнитетот на институцијата Собрание на Република Македонија. И, кога еден пратеник, без разлика дали е од позиција или опозиција, навредува и напаѓа друг пратеник и го омаловажува, мислам дека не е примерно. Мислам дека требаше да реагирате во однос на излагањето на пратеничката од ВМРО-ДПМНЕ и да ја опомените, дека тоа што ќе го навреди пратеникот од СДСМ нема да има подобар економски раст во Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам. Забелешката е прифатена.

Има збор мнистерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе.

Неколку пратеници, во своите дискусии направија еден мал превид. Сакав овде тоа да го исправиме.

Овде се спомнува стапка на раст што се предвидува за наредната година од 6-7%. Сакам да потсетам дека проектираниот раст за наредната година е 6% на среден рок, додека до 2009 година е проектираната стапка од 6-7%. Тоа го повтори и пратеникот Марјанчо Николов.

Постави неколку прашања на кои што ќе се обидам да дадам одговор. Ја повтори својата загриженост, дека наводно, буџетот немал некоја цврста основа, во смисла на проектираната приходна страна и дека, наводно, сите проекции биле насочени кон оптимистичката варијанта.

Јас сакам ова да го демантирам и да ве уверам дека не е точно затоа што проекциите се правени, секако, со консултација со експерти од ММФ. Тоа е институција што секогаш сака да биде онаа сигурна страна.

Кога ние ќе сакаме да проектираме, на пример, зголемување на приходите од прибраниот и персонален данок од доход и од данок на добивка, затоа што сега стапките се намалуваат, затоа што очекуваме да се намали даночната евазија, затоа што ова ќе делува високомотивациски, се плаќаат даноци според пониски стапки, се согласуваме дека сепак тоа треба да го видиме на дело. Односно, проектираме само загуба на приход, а не проектираме некое зголемување на приходот

заради тоа што навистина очекуваме дека наплатата ќе се подобри.

За другите начини на подобрување на наплатата, кај другите даноци, не сакам сега да ве уверувам. Тоа ќе го покажеме на дело, користејќи ги сите правни инструменти што стојат на располагање на Владата. Овде, само на кратко сакам да коментирам нешто што е нов квалитет во дискусиите.

Ако се изразуваше загриженост до сега од некои пратеници за можноста, оптимистички да се проектирани приходи, а тие се навистина најконзервативно проектирани, интересна е анализата дека, наводно, намалувањето на даноците, буквално на сите, персоналниот данок од доход, данок од добивка и веќе намалениот ДДВ кај земјоделските импути, репроматеријали и механизација, немале никаков ефект. Навистина, ваквата анализа воопшто не држи. Мислам дека би било чудно да се објаснува дека намалувањето на даноците може да помине без никакви ефекти.

Постои една изрека на покројниот сега веќе Милтон Фриман дека, дури не треба да објаснувате кога ги намалувате даноците. Кога ги зголемувате даноците треба да ги убедувате луѓето зошто тоа го правите. Треба да имате цврсти аргумент. Затоа што на секаде во светот се знае дека намалувањето на даноците, за влада што се одважува дека тоа може да го издржи во рамките на проекциите на буџетот и во исто време, поткрепено или проследено со други амбициозни програми, може само позитивно да влијае врз економијата и стопанстиот раст на земјата.

**Бесим Догани:** Благодарам почитуван министре.

Николов Марјанчо за реплика на говорот на министерот, повелете.

**Марјанчо Николов:** Во однос на проекциите што ги кажа министерот, дека се најконзервативни, дека се работеле со меѓународни стручњаци, кажа и нашиот пратеник Никола Поповски дека немаме став од ММФ по однос на проекциите во буџетот дали се тие остварливи или неостварливи. Туку напротив, во некои свои изјави изразиле сомневање дека, можеби, она што е проектирано во делот на приходите, имајќи предвид дека се врши намалување на дел од даноците, дека можеби нема да се оствари. Останува времето, како што кажа министерот, да потврди, дали Владата, во овој случај, извршила правилно планирање на приходите или биле оправдани нашите сомневања и сомневањата на ММФ, дека, можеби се претерало и не се направени добри проекции и планирања на приходната страна, бидејќи таа е основа да се планира расходната страна.

Во однос на намалување на даноците, искажа свој став дека ефектите што ќе се постигнат од нивното намалување, барем за оние компании што веќе работат во Република Македонија, брзо време ќе треба да се компензираат со покачувањето на електричната енергија. Тие пари што компаниите или претпријатијата би требале да ги добијат како еден вид извори или готова маса на пари за да ги употребат на други актвности за инвестиции, за плати, со покачувањето на цената на струјата ќе се доведат да мора таму да ги пренасочат. Можеби, доколку оди тоа покачување на струјата во повисоки стапки, ќе треба дури да размислуваат за намалување на други трошоци или за задолжување кај банките. Така што, мислам дека мојот став држи и дека ефектите, барем за оние компании што работат во Република Македонија, со првото покачување на струјата, тие пари ќе мора да ги пренасочат за плаќање на сметките за струја, а не онака како што е целта на Владата со овие закони да се зголемат инвестициите во Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Тоа што го кажа почитуваниот господин Николов е само уште една потврда дека ќе има позитвни ефекти од намалувањето на даноците.

Значи, Владата не ја утврдува цената на електричната енергија, тоа го прави Регулаторната комисија која не и одговара на Владата на Република Македонија. Таа Регулаторна комисија, доколку оцени за преиспитување на некои методологии и начин на формирање на цените и самите цени, тоа ќе го направи.

На овој начин ние им овозможуваме на претпријатијата ако такви конјунктурни непогодности се очекуваат во иднина да можат полесно да ги амортизираат. Не е работа на Владата да им наложи на претпријатијата како ќе ги користат тие средства. Некои од нив објавија дека ќе ги користат за покачување на платите на своите вработени заради стимулација, мотивација, некои потпомогнати или на некој начин мотивирани со намалување на данокот или нултата стапка на реинвестирана добивка ќе ги реинвестира, некои ќе ги наменат за некои други трошоци. Не можеме да се согласиме дека нема ефекти намалувањето на даноците. За тоа не треба да се дискутира, впрочем.

**Бесим Догани:** Благодарам. Продолжуваме понатаму.

Има збор пратеникот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господине потпретседателе, дозволете ми на почетокот, со оглед на тоа што прв пат излегувам на говорница откако вие водите седница, да ви честитам на изборот, да ви посакам успех.

Почитувани колеги пратеници, почитуван господине министер, почитувани претставници на Владата на Република Македонија.

Дозволете ми да го изнесам своето мислење по однос на Предлогот на буџетот за 2007 година иако морам да кажам, ќе се обидам да не се

повторувам со дел од прашањата кои беа дискутирани овде, бидејќи подолго време дискутираме, повеќе би сакал дискусијата да ја насочам во коментар на одредени укажувања, одредени работи, одредени делови кои се од буџетот.

Прво, на самиот почеток по дискусијата која ја имаше вчера министерот за финансии по однос на енергетската криза, изгледа конечно господине министре сите ние се усогласивме дека проблемот со енергетската криза не биле тендерите во Република Македонија, туку проблемот е многу поширок и дека тоа е проблем со енергија на Балканот и пошироко и време е да не се препукуваме дали се тендерите во прашање или не за набавка на електрична енергија, туку сите заеднички да придонесеме, колку што можеме, во рамките на своите можности, се разбира оние кои се најповикани за тоа тоа прашање да се разрешува и Република Македонија да не се соочува со проблемот на електричната енергија.

Втората работа што би ја прокоментирал во оваа моја дискусија е прашањето или формулацијата која министерот ја изнесе во врска со нас пратениците во една реплика со господинот пратеник Игор Ивановски, дека не е добро еден пратеник кој го читал буџетот 5 или 10 минути, па сега да ја негира работата на сите оние луѓе кои работеле при изработката на буџетот. Формулацијата беше несреќна, бидејќи пратениците доволно се подготвуваат за овој буџет, уште повеќе ако имаме предвид дека секој пратеник сам се подготвува, нема кој да му помогне за буџетот, а буџетот е сепак еден од најкомплицираните закони кој во текот на една година го носиме и овие денови се гледа дека и покрај разликите имаме и успешна расправа од пратениците. Би рекол дека немам намера да ја негирам работата на стотици луѓе од администрацијата кои работеле на изработката на буџетот, но морам да кажам дека тие луѓе ја работат стручната работа на буџетот, тука не можеме да спориме. Но, не само оваа Влада и сите други влади врз основа на тие стручни работи, на тие стручни луѓе од оваа област после ја креираат политиката на Владата за следната година. Е, за тоа можеме сега да зборуваме, можеме да спориме и да не се согласуваме, тогаш не значи дека ја негираме работата на луѓето кои го изработувале буџетот, туку се расправаме за политиката на Владата.

Ние пратениците сме во уште посложена ситуација за расправата по овој буџет, бидејќи не можевме да расправаме на Комисијата за финансирање и буџет, од познати причини, да не повторувам, тука не можевме да ги соочиме своите аргументи и со министерот и со останатите претставници на Владата. Расправавме на Комисијата за економија и Комисијата за земјоделие, но, за жал, не да го потцентам заменикот министер за финансии во таа смисла, туку за жал, министерот за финансии не присуствуваше на тие две седници, можеби заради негови други обврски, но не успеавме на овие две комисии да добиеме одговор на одредени прашања за кои пратениците беа заинтересирани. Во текот на оваа расправа дел од тие прашања сеуште лебдат.

Морам да кажам дека од страна на Министерството за финансии по едно од прашањата кое го дискутиравме на комисиите и баравме одговор тоа е ставката 483-Мебел, опрема, возила го добивме комплет аналитичкиот дел на таа ставка и ќе ја прокоментирам после тоа. Од расправата која ја имавме на Комисијата за економија и она за кое посебно инсистирав, тоа е прашањето за износот за вложување во развој на енергијата, најверојатно врз основа на тие дискусии на Комисијата Владата ги прифати тие размислувања и сега имаме амандмани кои одат во таа насока.

Тоа само потврдува дека доколку ја водевме расправата уште повеќе на комисии ќе имавме уште подобра расправа на пленарната седница на Парламентот.

Она што сакам да го отенцирам во врска со буџетот, првиот проблем со кој се соочуваме е проблемот што овој буџет нема споредба со буџетите од минатите години. До сега во овој Парламент кога доаѓале буџетите, посебно за 2006 година, доаѓале споредби со буџети за неколку години наназад за да можеме врз основа на тие споредби да анализираме дали има позитивности или негативности. Можеби сега дел од ставките се во класификацијата изменети и затоа дел можеби заради тоа не ни се дадени тие податоци. Но, во однос на структурата за буџетот за 2006 година и ребалансот кој беше направен во 2006 година таа класификација, таа номенклатура е истата и можевме да ги добиеме со исклучок што го добивме делот за приходната страна на буџетот каде можевме да направиме споредби, а за другото ги немавме и како пратеници се наоѓаме во една тешка ситуација за да можеме уште поквалитетно да дискутираме.

Не би сакал да верувам дека е направено за да не можат пратениците да ги согледаат разликите помеѓу еден и друг буџет, но, морам да кажам дека претставува недостаток на овој буџет.

Конкретно би се задржал на делови за буџетот. Доколку се анализира текстуалниот дел на буџетот и експозето на министерот, морам да ви кажам дека одредени работи од тој текстуален дел на буџетот и од експозето на министерот не се воедначени посебно одредени бројки, но верувам дека во самата расправа еве се покажува дека можеби со различни бројки се оперира од ситуација до ситуација.

Никој не може да го спори текстуалниот дел кој се однесува на залагањата и определбите за странски инвестиции, пораст на извозот, намалување на увозот, пораст на бруто домашниот производ, тоа се прашања кои, морам да ви кажам, веќе ми е трет мандат како пратеник, некаде деветти буџет со неколку ребаланси, ги

гледам во сите. Во сите досегашни буџети и прашањето што се поставува дали делот кој се однесува на разработката на финансискиот дел се поткрепени со овие факти. Анализата не ми дава за право да верувам, ќе се обидам да го докажам со бројки.

Имено, самата анализа на буџетот ќе ги покаже следните факти.

Прво, ова е највисок буџет во овие 15 години независност на Република Македонија, тој е највисок буџет во номинален износ. Не навлегувам процентуално во однос на бруто домашниот производ за сега затоа што овој буџет е врз основа на проекција за бруто домашниот производ за следната година и не можеме проекцијата да ја споредуваме со она што до сега е остварено.

Но, факт е дека номиналниот износ е највисок во досегашниот период на Република Македонија, и се поставува прашањето, дали Република Македонија е доволно развиена за да го поднесе овој Буџет.

Сметам дека или ќе се потврди тезата дека минатата година, Македонија има како што и Влада на СДСМ во ребалансот имаше позитивен економски развој и на тоа се темели, или пак тезата дека се нереални остварувањата за толкав износ. Затоа е отворена тезата дали Република Македонија, ќе може да издржи толкав Буџет од 123.564.354,000 денари.

Втората карактеристика е дека овој Буџет е со највисок дефицит во последниве години. Доста околу тоа се зборуваше и не би сакал повторно да ја отвараме таа тема, подоцна малку ќе дискутирам околу дефицитот и задолжувањата. Но, факт е дека тој од последниве години кога се движевме минатата година 06, па со ребалансот 08% од бруто домашниот производ, сега одиме на стапка од 1%.

Третата карактеристика е она што најмногу ме загрижува, Буџет со извонредно лоша структура на расходите. Зошто ова го велам. Ова го велам заради тоа што ако ги споредите расходните ставки кои што се сега во овој Буџет со буџетите од минатите години ќе дојдете до овој заклучок. Ќе се обидам на крајот со бројки исто така тоа да го елаборирам.

Четврта карактеристика, Буџет со најмало процентуално учество на капиталните расходи.

И петта карактеристика Буџет со најголемо учество на ставката за мебел, возила и опрема во досегашните буџети.

Ова што сега го зборував сакам да го потврдам со бројки што како пратеник, успеав навистина, бара една макотрпна работа и бројки за сам да успеете, но се обидов да направам неколку споредби.

Зошто реков Буџет со најлоша структура до сега. Затоа што е Буџет, каде што процентуално во вкупниот Буџет зборувам сега, заедно со фондовите бидејќи министерот изнесе податок дека 14,2% е учеството на капиталните расходи, мислам дека ако не се лажам тоа го мислеше во однос на централниот Буџет, и правејќи ги пресметките повторно не дојдов до таа бројка. Но, јас дојдов до бројка во однос на вкупниот Буџет заедно со фондовите дека капиталните расходи, заедно со заемите изнесуваат 9,8% од вкупниот Буџет, или само основниот Буџет 7,5%. Само за споредба во 2006 година оној основен Буџет кој што беше донесен од претходната Влада, кој што беше критикуван, капиталните расходи учествувале со 15,3%, заедно со се заеми и другите самофинансирачки и дел од други активности, а само основните капитални расходи учествувале со 12%. Дури и со ребалансот кој што беше за 2007 година ова е драстично намалено во Буџетот кој што ни се предлага 2007 година. И ако ги проанализирате и внатре во капиталните расходи, се намалува учеството во други градежни објекти, исклучиво се зголемува каде што се градежни објекти, тоа незначително од 0,6 на 0,7%.

Интересна е ставката за купување на мебел, опрема и возила. Тоа е ставка околу која што до сега многу сме спореле овде дека таа не претставува мебел и возила, бидејќи определбата на Владата беше 0% за мебел и за возила.

Со оглед на она што ја имаме Информацијата која што званично од Министерсство за финансии ни е дадена, во таа инфорамција стои дека ќе има набавка на возила, дека ќе има набвка на мебел. Еве само пример ќе ви кажам, Биро за стокови резерви ставка 500 илјади е износот за мебел, или ајде за Министерството за образование нека има за мебел, за училиштата треба, но да ја земеме ставката во судската власт и тука има ставка за мебел, имаме за набавка за возила, ајде оние возила кои што се за извршување на секојдневните работи кои што се поврзани непосредно со дејноста, туку и набавка на други возила. Што сакам со ова да кажам. Сакам да кажам дека не е проблемот на набавувањето, затоа што јас ве убедувам господине министре, од една која што би рекол популистичка мерка, изјава дека ставките за мебел и возила ќе бидат нула, се виде дека тоа така не може. Не може заради тоа што на многу институции им се неопходни за да ја извршуваат работата.

Второ, како ние ќе се правдаме.Возилата со кои се возат министрите се од 1994-1995 година. Знаете овде ни се случувале работи, високи функционери да останат на пат со овие возила што ги имаат. И уште повеќе, вие како добар економист ќе потврдите дека за поправки што давате сега, што сме давале минатата година и што сега ќе се даваат, ќе чинат многу повеќе отколку планирана набавка на тие возила. Но, сакав да укажам дека повеќе не важи таа определба дека мебелот и возилаа ќе бидат на ставка нула, што е уште покарактеристично, учеството на ставката 483-купување мебел, опрема и возила, во однос на вкупните капитални расходи за 2007 година е 32%, а само на

основниот 30%. Само за споредба, минатата година биле 11,3% односно 12% на вкупните.

Следната работа што би сакал да ја прокоментирам е прашањето околу дефицитот за кое веќе еднаш говорев.

Имав впечаток дека и во експозето и во Буџетот се има една основна интенција дека развојот на Република Македонија е еден од битните чинители за развојот на Република Македонија и економскиот развој во следната година што се очекува, покрај другото се заснива на два важни елементи, тоа е дефицитот и пораст на личната потрошувачка односно кредитирањето од 20 до 30% годишно. Вие и сами кажавте дека тоа е нормална работа. Но, морам да ви кажам дека, анализирајќи ги овие два става, дојдов до еден заклучок дека она главното на што ќе се потпира следната година, ќе бидат задолжувањата за финансирањето на дефицитот и зголемвување на личната потрошувачка, како резултат на воведување на платежната картичка.

Очекувам оваа година односно 2007 година да има задолжување на граѓаните на Република Македонија, за лична потрошувачка. Тоа ќе го овозможи платежната картичка. Но, исто така се плашам и очекувам дека тоа ќе има ефект само на краток период од една година. Тоа не го зборувам на памет.

Анализите кои ги имаме од неколку земји, Хрватска, Романија, Бугарија, покажаа дека во даден период задолжувањето на граѓаните има позитивен ефект. Но, тоа е само на краток период. После тоа доаѓа до изострување на тој проблем што мислам дека негативно ќе се одрази врз банкарскиот систем во Република Македонија. Ќе се одрази негативно заради тоа што задолжувањето со платежната картичка ќе бидат рангирани во задолжувања со највисок ризик, бидејќи не се задолжувања обезбедени со хипотеки. По секоја методологија, тоа министерот добро го знае, тие се рангирани во најлошата класа на обезбедени задолжувања и како резултат на тоа банките ќе мораат да одвојуваат поголеми резерви за евентуално покривање на загубите и тоа мислам дека ќе доведе до негативен резултат во банкарскиот систем.

Следното прашање кое сакам да го прокоментирам е прашањето околу земјоделието, за кое овде најмногу се зборуваше, регресите и како во буџетот за следната година се предвидени драстично големи износи во однос на претходната година. Номинално да, 200%, во однос на 2006 година. Но, се заборава едно. Ако гледате буџетски средства колку се издвојуваат за субвенции и регреси во земјоделието, ќе дојдете до податокот дека се издвојуваат скоро на исто ниво колку минатата година затоа што половината од тие што се издвојуваат сега во регресот, “не се од Буџетот”, туку заради тоа што 600 и нешто милијони се од новиот надоместок кој до донесувањето на Буџетот за 2006 година, од продажбата на цигари, од 3 денари, го немаше. Тоа потврдува само дека ниту порано можело да се одвои повеќе, ниту оваа Влада планира повеќе да издвои, ако не постои тој надоместок. Друго е прашањето за кое јас сум убеден, имам и предложено два закони кои се на оваа седница, дека тие надоместоци треба да се укинат и очекувам дека Министерството за финансии и Владата ќе дадат позитивно мислење за тие закони, бидејки минситерот за финансии, кога расправавме за ребалансот и заменикот, кога расправавме за Законот за здравствена заштита, укажаа дека тие се недобри решенија и дека треба да се укинат, но треба да се изнајде друг начин. Но кога ќе дојде законот ќе дискутираме како да се финансираат премиите за примарното тутунско производство, бидејки во овој Буџњет, колку што успеав да видам, предвидени се 1.800.000.000 денари од надоместоци при продажбата на цигарите. Јас сум убеден, сите пресметки покажуваат дека со укинувањето на тие надоместоци можеби дури и многу повеќе ќе имаме приходи во Буџетот на Република Македонија по основ на акцизи, но за тоа ќе зборуваме кога законот ќе дојде на дневен ред.

Би прокоментирал нешто, бидјеки доста се дискутираше и околу законите кои се на денешната седница, законот за персоналниот данок и законот од данокот за добивка. Сега само начелно би кажал неколку зборови, а ќе се обидам малку по детално тоа да го образложам, кога ќе бидат законите.

Морам да ви кажам, тука е она околу кое можеме да спориме, господине министер, и јас на Комисијата за економска политика, кога расправавме за Буџетот, прашав дали може, бидејќи тоа е егзактна работа, ако за друго можеме да зборуваме за политика, сепак даноците имаат и егзакност, дали може, сигурно во Министерството тоа го имаат, да имаме пресметки кои ќе бидат ефектите во износ на финансиски средства, со воведувањето на ставката од 12%, а наредната година 10% и со проширувањето на даночната основица со персоналниот данок. Ние како пратеници до денес тоа го немаме добиено и сметам дека постои тој начин, бидејќи мислам дека начинот на кој се предлага, нема да ги даде очекуваните ефекти. Според мое мислење, ќе ви кажам зошто. Не може да ги даде затоа што од една страна се намалува персоналниот данок од 15 на 12%. Тие од 18 и 24%, посебно оние од 24%, да го елиминираме, господине министре. Знаете и вие, со 24%, не знам, еве да не погрешам, дали има 1% од вкупните приходи кои се по основ на персонален данок. Од 95 до 97% се некаде со 15%. Знаете и вие колкав е бројот на луѓе во Република Македонија кои земаат плати над 50 или 60 илјади денари, за да имаат ставка од 24%.

Мојата пресметка покажа дека воведувањето на ставка од 12%, а оданочувањето на регресот за годишен одмор, оданочувањето на трошоците за користење на сопствено возило, над 3.500 денари месечно и оданочувањето на јубилејните награди и отпремнини за пензии кои се надвор од

Колективниот договор, математички ефектите нема да бидат големи. Еве ќе ви кажам во едно претпријатие од 200 работници, текстилно претпријатие, разликата која би се постигнала при една плата од 6.500 деанри, колку што земаат текстилните работници, би била некаде околу 70.000 денари на годишно ниво. Не е тоа вистинскиот ефект. Затоа велам, во ред и вие сте потполно во право, кој е тој што ќе биде против намалување на даночната стапка. Тоа би било, да не употребам некој полош збор, но најмалку би било нелогички. Но, проширувањето на даночната основица, од друга страна го анулира, барем јас така мислам, вашиот предлог. Истото се однесува и околу прашањето на данокот на добивка. Мислам дека во првата година тоа нема да даде никаков ефект, туку напротив ќе има негативен ефект заради тоа што досегашното решение овозможуваше во текот на годината да се искористат тие до 100 илјади евра реинвестирана добивка, а сега ќе треќба во текот на годината да ја плаќате добивката, па на крајот од следната година да ги очекувате тие ефекти. Можеби и затоа го предложивте и овој амандман кој до некаде го ублажува негативниот ефект кој ќе го имаше законот за првата година. Така што сметам дека намалувањето на даночните стапки ќе биде неутрализирано со проширувањето на даночната основица и што велат да бидеме здрави и живи, па ќе видиме како тоа ќе се одвива во текот на следната година.

И на крајот би завршил со тоа, зборувајќи за развојот во Република Македонија, јас господине минситре би ве замолил уште сега да размислите за еден амандман што го имам поднесено, по однос на финансирање на развој на економска зона во Битола. Локалната самоуправа во Битола веќе работела, колку што сум информриан, на тој проект. Кога веќе се предвидуваат 105 милијони за слободната економска зона во Штип, би било добро, овој период, имајќи го во предвид пограничното значење на Битола и местото каде се планира таа економска зона, да се предвидат 50 милијони денари и за економската зона во Битола. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Најдовски.

Реплика има пратеникот Радко Димитровски.

**Ратко Димитровски:** Благодарам потпретседателе,

Немав намера да се јавувам за реплика, меѓутоа излагањето на колегата Најдовски ме наведе да бидам принуден да се јавам затоа што за некои работи изгледа опозицијата е научена постојано да вергла, да се повторуваат, иако од сите страни упорно се докажува дека не е така како што тие кажуваат односно не е она што треба да се слушне. Изгледа на опозицијата и стана пракса да го кажува она што не е реално, она што не е виситнито.

Конкретно би се задржал на ставката која упорно колегата Најдовски ја прикажува дека е предвидено да се троши повеќе. Тоа е ставката за мебел, опрема, возила и машини за која се кршеа копјата и во Комисијата за економски прашања. Мислам дека е некоректно и не фер спрема другите колеги, а посебно спрема колегите од Комисијата за економски прашања, заради тоа што добивме детален извештај конкретно за што се работи.

Морам да кажам дека возила се предвидени само во два или три сектори. Возилата кои што се неопходни за граничната полиција, едно возило за Хидрометеоролошки завод и не знам уше на некое место, можеби и одбрана, односно оние кои што сме обврзани со стандардите на НАТО и оние што се неопходни. Другото, воглавном една голема ставка е во делот на полицијата за имплементирање на личните документи, кое што е најголема ставка од 495 милиони.

Најголемата ставка е, тоа заборавив да го спомнам, во Министерството за образование и наука за која што јас посебно се обратив и треба да бидеме спремни да инвестираме во нашата иднина. Значи, оној дел кој што е за компјутери кој што дел се вика компјутер за секој ученик. Дали ќе биде за секој ученик, дали ќе биде за секој втор, тоа е она што треба да се гордееме со тоа, а не да викаме дека се за жал под ставката мебел, опрема возила и машини.

И сосема за крај би рекол дека во Министерството за здравство имаме опрема од друг тип. Меѓутоа се се сведува на тоа дека се работи за копмјутерска опрема. За жал нашата состојба во државата е таква, да во ниту еден од сегментите во било кое министерство во било кој дел, нашата компјутерска опрема е застарена.

И посебно би му рекол и другиот дел, за делот на картичките. Колега Најдовски, видете како работи современа Европа за делот на картичките. Дали е тоа неквалитетно, дали е тоа непродуктивно задолжување на корисниците на кредитните картички, или тоа е корисно. Европа тоа го користи 20 години наназад. Ние сега пробаме се учиме како тоа се користи. Научите, прочитајте.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика бара пратеникот Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Добро јас сигурно нема да сфатам дека господинот Ратко Димитровски, на крајот сакаше да ме навреди да каже научете, прочитајте, мислам дека несреќно му беше тоа формулирано но заради тоа што сум прочитал се плашам од почетниот ефект на платежната картичка господине Димитровски имајќи го во предвид степенот на социјалниот степен на имотната моќ на граѓаните на Република Македонија се плашам дека тоа може да има негативни резултати. Но, ќе видиме тоа времето ќе го покаже. А околу вториот дел за кој што зборувавте околу ставката 783 јас ги прочитав исто онака како што го имате го имете и вие и јас. Но, потсетете се Владата рече ставката мебел ќе биде нула. Еве имате на втората страница вие. Реков има значи за мебел. За тоа реков дека

популистичките реченици потоа се покажуваат дека не им е местото.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Најдовски.

За збор се јави министерот за финансии. Повелете.

**Трајко Славевски:** Мојата интервенција излегува малку надвор од расправата за Буџетот, не е поврзана со едно недоразбирање и кое што сега произлезе од полемиката меѓу дваицата почитувани патеници, а се однесува на платежните картички. Не стекнав впечаток дека господинот Најдовски е против воведувањето на платежните картички затоа што со нив се сака да се замени чекот или да се намали неговата употреба или употребна вредност во платниот промет во Република Македонија. Затоа што чекот на платежната картичка е исто како грамафонската плоча наспрема ЦД-то или ДВД. Кога сите денес сме ги напуштиле и никој од нас не користи грамофонски плочи или аудио-касети, користиме посовремени технологии, немам причина да не одиме напред во освојување на овие технологии.

Господине Најдовски, платежната картичка е дебитна картичка, а не е кредитна картичка и тука постои голема разлика. Работа е на банките да проценат на кои свои клиенти ќе им дозволат и со кои пречекорувања кредитни картички, ова се дебитни картички и банките за да привлечат клиенти, секако со онаа нужна предостројност, нудат извесно пречекорување кое не надминува две плати на вработените и ние воопшто не очекуваме дека ќе се зголеми задолженоста на граѓаните повеќе отколку што е сега со негативните минусни салда на чековите и тековните сметки.

**Бесим Догани:** Благодарам господине министер.

Пратеникот Слободан Најдовски се јави за реплика.

**Слободан Најдовски:** Не е толку реплика, колку дообјаснување со министерот. Навистина, точно сте заклучиле, не сум против воведувањето на платежните картички, но ја изрази својата загриженост со оглед на социјалниот статус на граѓаните на Република Македонија, на најголемиот дел дека може да има негативни ефекти. Погледнете, тоа го има, сигурно и вие господине министер сте го анализирале и научно во државите во кои се дојдени на ова ниво на развој. Точно е дека се дебитни, но кажете ми една од банките која не дозволува барем два пати поголемо пречекорување од платата која што ја имаат корисниците на дебитните картички како ново задолжување. Затоа, мојата теза беше дека во првата година тоа може да има позитивен ефект за порастот на личната потрошувачка, но подоцна тој позитивен ефект може да се анулира и напротив, да имаме негативни одрази и врз банкарскиот систем, но и врз потрошувачката во Република Македонија. Да не навлегуваме во сето тоа, но тоа може да повлече загрозување на одредени макроекономски елементи. Но да видиме како ќе се одвива работата.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Најдовски.

Продолжуваме со општиот претрес.

Има збор пратеникот Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам господине потпретседател.

Почитувани колеги пратеници, господине Славески,

Предлог Буџетот на Република Македонија не претставува само најважен инструмент на економската политика на Владата, туку што е уште поважно, тој е индикатор на економската политика што Владата ќе ја спроведува во текот на идната година. Јас ќе се обидам моето видување на Предлог-буџетот да го конципирам како согледување на вистинските намери на Владата во практицирањето на извршната власт, а во корелација со нивната предизборна програма “Преродба во 100 чекори”, заради која впрочем ја добија довербата од граѓаните на Република Македонија. Се плашам дека Буџетот онака како што го предлага Владата ниту има капацитет да придонесе за развој и економски напредок, ниту одразува доволно реформски капацитет за да се продоилжи со реформите, туку претставува инструмент за зголемување и подгрејување, за жал, на јаловите очекувања кои во овој момент се превисоки за да можат да се остварат. Да потсетам, Владата на господинот Груевски најавувајќи ја портокаловата преродба, вети три основни принципи на своето работење: чесност, транспарентност и одговорност.

Вети дека првиот документ кој што ќе го усвои на својата прва седница ќе биде актот за одговорност на Владата. Цитирам: “Тоа е документ кој ќе обезбеди коренити промени во однос на општото однесување и работење на Владата, организираниот криминал и корупција”. Владата на ДПНЕ исто така даде ветување дека нема да ја користи . . .

**Бесим Догани:** Ве молам, иако е општ претрес, барем до некаде да се придржуваме, да не навлегуваме во партиски, коалициони работи итн.

**Весна Бендевска:** Последната спогодба ни беше најавена, господине, во рамките на Ребалансот. Сега за жал го гледаме буџетот за 2007 година.

**Бесим Догани:** Ве молам, продолжете да зборувате за Буџетот.

**Весна Бендевска:** Само уште една реченица. Тие ветија дека нема да ја користат непосредната спогодба како основен инструмент за продажба на државен имот и најави дека тоа ќе го прави преку јавни тендери, согласно законот. За жал, при донесувањето на ребалансот на Буџетот зза 2006 година, министерот Славески на пленарна седница токму тука пред нас најави дека Владата донела одлука да издвои 20 милиони евра за набавка на мазут од Рафинеријата ОКТА за рестартирање на ТЕЦ-Неготино, со што го прекрши Законот за јавни набавки. Најави

користење на 15 илјади тони мазут од стоковните резерви на Република Македонија, со што го прекрши Законот за стоковни резерви.

Сега ве прашувам господине минситер, дали е ова добар однос да веруваме во вашите сериозни намери да проектирате добра економска клима во Република Македонија преку овој Предлог Буџет за 2007 година.

Сега ќе ве потсетам на некои ваши основни ветувања кои очекувавме со право да најдат своја материјална реализација токму во овој Предлог Буџет.

Владата вети донесување на строги прописи за забрана на лобирање на министри и функционери за стекнување а лична корист, а знаеме дека некои владини функционери во некои минати влади издвојувале средства кои ги доделувале на свои блиски. Владата најави и намалување на дискреционите права и утврдување легални рамки за утврдување на конфликтот на интереси со рок декември 2006 година. Владата вети и нула толеранција за корупцијата за сите владини и административни структури со рок веднаш. Јавноста знае голем број случаи дека се случува токму спротивното. Владата вети дури и целосна транспарентност во процесот на јавните набавки со рок 30 септември 2006 година. Јасно е дека наведувањата на Владата на Груевски и изминал рокот.

Дали Владата на господинот Груевски со ваквото однесување во првите 100 и кусур дена ја заслужува довербата на своите гласачи или пак подобро, колкав треба да биде степенот на доверба во искрените заложби за економски просперитет и добра финансиска клима за 2007 година, проектирана по Предлог-буџетот на Република Македонија.

Господине министре, во вашето експозе го детерминирате вашиот Предлог-буџет со следните зборови, цитирам: "Предложениот буџет за 2007 година предвидува благо релаксирање на повеќе годишната фискална ресстрикција, односно минимален пораст на буџетскиот дефицит" и истиот го испланиравте во висина од 1% од планираниот БДП во висина од 3,4 милијарди денари, без намера да соопштите колку точно ќе изнесува БДП за наредната година.

Значи ве повикувам господине Славески конкретно точно да одговорите колку ќе изнесува БДП за 2007 година.

Исто така, барам прецизен одговор на прашањето дали како финансиски експерт лично верувате дека е возможно даночните приходи по основ на ДДВ да се зголемат за цели 11% во однос на минатата година.

Исто така, барам уште еден искрен одговор. Дали вие лично верувате дека проекцијата на рамниот данок ќе даде свои конкретни резултати во подобрување на економскиот амбиент кај нас како земја со висок индекс на сиромаштија. Инаку, слушнавме голем број експерти дека го тврдат токму спротивното дека рамниот данок ќе придонесе само за зголемување на индексот на сиромаштија.

Сега чувствувам должност да ја објаснам мојата сериозна загриженост и отворен сомнеж, што лично го чувствувам кон Предлог-буџетот како најсериозен инструмен на Владината економска политика. Ќе се обидам да дадам и емпириска потврда на ова, ќе говорам преку силата на броевите што сум ги извадила токму од Предлог буџетот, споредени со вашите прокламирани, но за жал популистички портокалови ветувања.

Значи ветивте нула непродуктивни буџетски расходи за автомобили, мебел и слично во 2007 година. Цитирам: "Во првата година од работењето на Владата во целост ќе се воздржиме во набавка на нови возила и мебел за канцелариите. Во периодот од 2008 до 2010 година предвидуваме нивно намалување за најмалку 30% во однос на нивото од 2006 година. Средствата што ќе се заштедат ќе ги пренасочиме за голем број продуктивни инвестиции и проекти кои се дел од оваа Програма". А остваривте, во билансот на расходи на централниот Буџет во ставката 483 Купување на мебел, опрема и возила, оваа ставка за разлика од 2006 година кога изнесуваше 1.816.075.000 денари, во расходите на Предлог-буџетот за 2007 година ја зголемувате за 1.000.000.000 денари, а износот заедно со расходите по основ на донации, заеми и самофинансирачки активности достигнува неверојатни 3.836.618.000 денари. Исто така, расходите по основ на стоки и услуги, во кои се содржани трошоците за патни и дневни расходи, комунални услуги, поправки, договорни услуги и други тековни расходи, за разлика од Буџетот за 2006 година кога беа потрошени 7,8 милијарди денари, вие ја зголемувате на безмалку 9 милијарди денари, што заедно со другите расходи по основ на заеми, финансии, донации во финансирачки активности, достигнува фантастична сума од над 13 милијарди денари.

Исто така, ќе мора господине министер да ги објасните пред јавноста вашите заложби за цитирам "мала јавна потрошувачка и ефикасна државна администрација", а расходите по основ на плати и надоместоци ги зголемувате за околу 1,7 милијарда денари.

Ве молам, и ве повикувам вашето објаснување да го содржи и одговорот на прашањето дали вие сериозно сте една нова поинаква Влада како што ветивте заради тоа што овие бројки го говорат токму спротивното, апсолутно ве демантира.

Прво, како е можно средствата за раздел 09002 Министерство за финансии, Функции на државата, каде се издвојуваат средства за програмите за децентрализација, мерки за намалување на сиромаштијата, реформи во земјоделството, јавната администрација и Министерството за одбрана и економски развој, ги намалувате од 33,25 милијарди денари, колку што изнесуваа во Буџетот за 2006 година, на 18,8 милијарди денари во Предлог-буџетот за 2007 година, или ги намалуате за цели 14,4 милијарди денари, за во

исто време трошоците на Разделот 04001, Влада на Република Македонија, од 235.546.000 денари, колку што изнесуваа во Буџетот за 2006 година, ги зголемувате на 588. 305.000 денари, што значи зголемување без малку 2,5 пати.

Граѓаните на Република Македонија даночни обврзници ќе мора да добијат јасен одговор зошто оваа Влада планира да потроши двојно повеќе средства на име плати и надоместоци на вработените, односно од нивото за 2006 година, кога изнесуваат 124.700.000 денари на 252.370.000 денари и четири пати повеќе трошоци по основ на стоки и услуги, односно од нивото за 2006 година, кое изнесуваше 64 милиони денари на цели 314 милиони денари, зголемување од четири пати.

Ќе мора господине министер да дадете и дополнително објаснување зошто ставката 425 во истиот раздел Влада на Република Македонија, под наслов Договорни услуги, во Предлог-буџетот за 2007 година е зголемена 10 пати, односно од 23.300.000 денари на 234.090.000 денари. Дали токму ова е ставката од каде што ги плативте трошоците на вашата промотивна кампања “100 дена Влада без запирање”. Ако е така, во име на граѓаните на Република Македонија, ве повикувам и ве молам да запрете, со цел да ги продолжите реформските процеси што ги започна минатата Влада предводена од СДСМ и да обезбедите поволна политичка и економска клима во нашата земја како вистински одговорна Влада.

И за на крај ќе ви поставам уште едно прашање.

Господине Славески ќе имате ли доблест да превземете политичка и морална одговорност доколку ја доведете Република Македонија во ситуација на значително нарушување на финансирањето на државата во случај вашата проекција наречена Предлог Буџет на Република Македонија за 2007 година да доживее свое фијаско односно да доживее неколку ребаланси и зголемен буџетски дефицит. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

За збор се јави Цветковска Благородна.

**Цветковска Благородна:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитуван министре за финансии и други претставници од Владата, почитувани колеги пратеници.

Не можам а да не проговорам за Предлог Буџетот на Владата која конечно ми го откри конкретните чекори односно понуди корисни информации околу најавената економска политика на Владата на Груевски.

Имено буџетските приходи и расходи се релативни како основа за економска анализа на економската политика на Владата  во однос на нивното краткорочно и долгорочно влијание врз нивото на стопански растеж на една национална економија.

Нема сомнение дека улогата на државата во економскиот живот на државата е значајна, пред се заради обезбедување на ефективна алокација на капиталот, работната сила и средствата за работа, се разбира како подршка на пазарниот механизам. Пазарните стопанства денес можат да се оценат како успешни, само како конзистентен спој на приватниот сектор кој ја следи логистиката на претприемачкиот интерес за побрзо и повисоко оплодување на капиталот, а јавниот сектор се грижи за задоволување на јавниот интерес преку обезбедување на јавните добра и услуги вложување во стратегиски сектори на стопанството или инвестиции во гранки за кои е потребна Централизација на капиталот. Таквата улога на Владата во обликување на стопанскиот амбиент, огранизирањето и подршка на економските активности е најшироко афирмирана не само во економската теорија туку и во праксата на најразвиените пазарни економии од западната хемисфера. Сепак, сметам дека не можеме да дадеме позитивна оценка дека понудениот Буџет значи доволна или ефикасна државна интервенција во националната економија.

Преку анализата на Буџетот може да се констатира дека како резултата на немање на изградена политика и економска стратегија Владата предлага мерки на интервенции во зависност од дневно политичките проблеми и се разбира интереси. Дел од таквите интервенции можеме да констатираме и во предложениот Буџет на Владата. Така се плашам дека Владата влегува во нови грешки, односно одлучува адхок во зависност од интензитетот на притисоците што ги трпи или маркетингот кој сака да го постигне кај граѓаните во Република Македонија. Критиките се насочени кон неинвентивноста на државниот апарат, чиј механизам на одлучување не може да ги следи и да реагира на секојдневните пазарни сигнали и промени. Се чини дека Владата нема доволно храброст да се превземе порешителни чекори во областа на економијата. Владата треба да има изработени и усвоена стратегија за економски развој, особено во делог на јавните приходи и расходи преку кои се операционализира делот од државната интервенција во економскиот развој со јасно детерминирани приоритети и инструменти за нивна реализација. Понудениот Предлог Буџет не нуди експлоцитни показатели за јасно детерминираните приоритети. Економската политика на државата треба да се базира на објективните потреби и можности на земјата, а не да биде резултата на политичката рамнотежа и конселациите на силите во земјата. Сепак, има работи кои можат да се истакнат како позитивни, особено во делот на јавните приходи и даночната политика, каде индификуваме воведување на најдобрите практики од земјите кои направија сериозен исчекор кон развиените, на пример, Словачка, Естонија и таквите активности на Владата би ги поздравила. Сепак, ограниченоста на ресурсите во националната економија особено на намалените буџети со кој се финансира јавниот сектор, ја наметнуваат потребата на изнаоѓање на соодветни системи на менаџмент на јавниот сектор, поефикасна и порационална

употреба на средствата и државниот капитал на економиката на трошоците на јавниот сектор и намалување на ризикот од комулирање на загуби и намалување на јавното богатство. Претпоставувам дека целта на Владата е да се засили економскиот развој, да се добие полна вработеност, да се избегне инфлацијата и да се зголеми производството. Имено, би потсетила дека основните економски функции кои Владата треба да ги извршува во економијата се: уредување на законски рамки за функционирање на пазарната економија, влијание на алокацијата на ресурсите како би се подобрила стопанската активност, воведување на програми како би се подобрила распределбата на доходот, стабилизирање на стопанството по пат на макроекономска политика. Од друга страна економската теорија експлицитно истакнува дека најефикасни инвестиции се оние во образованието. Инвестициите во едукација се тие кои ја создаваат основата за просперитетот на една национална економија. Сепак, и покрај износот понуден во Буџетот за таа намена се наметнува прашањето за приоритетите. Дали е тоа градежно санирање и градење на училиштата, нивна компјутеризација или пак обука на наставниот кадар кој користи застарени техники за едукација. Сметам дека акцентот треба да биде обука на  наставниот кадар и иновации на наставниот процес и тоа на сите нивоа, како и обезбедување на нормални услови за работа во образованието, а во следната етапа и следните чкори да биде нивна компјутеризација и обука на учениците во информатичката технологија.

Бидејќи директно доаѓам од образование и ги знам проблемите со кои се соочува образованието, на сакам да се повторувам, бидејќи во дискусиите на претходните почитувани пратеници се спомна и тоа е за пофалба. Точно, компјутери нека има во училиштата и јас сум за тоа. Меѓутоа, пред да дојдат тие компјутери премногу други работи изостануваат, санации на училиштата, санации на санитарните чворови, крововите во училиштата, дупките во училиштата, па тогаш да ги внесеме компјутерите во училиштата и тоа да заживее. Според тоа, мислам секоја Влада треба да превземе еднакви и позабавени чекори додека да се стигне до секој ученик да има и компјутер. За поздравувње е тоа, 150 милиона компјутери, а ние имаме дупло ученици, нека има и по еден компјутер на двајца ученици и тоа е за поздравување, но мислам дека тој процес малку ќе задоцни. Нашата Влада односно нашата држава се уште е на листата што изразува интерес за овој проект - компјутер за секој ученик. А, јас се прашувам дали ќе биде остварлив владиниот проект - компјутер за секој ученик и кога, тоа ќе видиме понатаму.

Следната забелешка на Буџетот доаѓа од подетална анализа на Буџетот која покажува дека дел од министерствата функционираат односно добиваат средства само за покривање на платите дури и само процентуална анализа на учество на апсолутните износи на платите и надоместоците од плати во вкупниот износ на буџетите на одредени агенции и министерства покажува дека немаат доволно средства за редовната дејност, а речиси ниту размислуваат за инвестиции и капитално буџетирање. Оттука можеме да констатираме дека некој од нив апсолутно не можат да гарантираат исполнување на функциите на граѓаните на државата не можат да гарантираат безбедност пред се. На пример Буџетот на МВР е речиси 70% само за плати и ред други работи кои ги имам забележано.

Интервенцијата на државата не треба да се ограничи само на амбиентот во кои функционираат пазарните субјекти туку мора да се насочи во однос на финансирање на капиталните инвестции, регулирање или создавање на позитивни екстерналии. Навистина не можам да разберам  дали динамизирањето на стопанскиот развој може да се прави со изградба на стар театар или Градската куќа. Нема сомнение дека градежништвото е пропулсирана стопанска гранка, но сепак постојат многу поефикасни градежни инвестиции кои би генерирале многу подинамичен економски развој, модерни патишта. На пример, Велес -  Струмица, или да речеме патот Рамковце - Крива Паланка - Деве Баир, со кој би се интервизирал економскиот ангажман на целиот регион, искористување на недоволно вработените фактори на производство или финансирање на електро-енергетски капацитети како и финансирање и уредување на позитивните ексрералии или кои генерализираат забрзан стопански развој.

Сметам дека Владата стана заложник на своите предизборни ветувања за изградба на објекит со кои би се вратил кејот на Скопје што е навистина апсурд. Доколку се анализира изгледот на градовите од источниот дел од земјата, а верувам дека ќе се согласат многумина со тоа, во кои очигледно е отсуство на такви интервенции.

Што очекував од Буџетот? Да бидам искрена, пред се сериозен пакет на активности, како што се подршка на конкурентната индустрија, не на монополите, подршка на малите конкурентни претпријатија, поконкретна подршка на отворањето на економијата односно на индустријата која произведува за извоз, подршка на секторот услуги, насочен кон извозот, транспорт, туризам, финансиски услути и сл, креирање на механизми за штедење, кредити и еднаквост за инвестициите, по конкретно охрабрување на странските инвестиции, но и нивно изедначување со домашните инвестиции и ефикасен и доверлив транспорт и комуникации и секакви инвестиции во образованието.

До колку Буџетот не овозможи подршка на таков пакет на активности, повторно ќе се соочиме со изгубена година, а такви досега навистина имавме многу. Благодарам.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Фадил Сулејмани, повелете.

**Фадил Сулејмани:** Се повлекувам.

**Бесим Догани:** Добро. Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам општиот претрес.

Тука ја прекинувам денешната седница.

Ве информирам дека утре ќе имаме нова 21 седница.

(Седницата прекина со работа во 17,40 часот).